**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Јани Макрадули, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски, Љубисав Иванов Ѕинго, Слободан Најдовски, Тито Петковски, Горан Мисовски, Благој Зашов, Иван Анастасовски, Веле Митановски, Мирјана Секуловска, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски, Лилјана Поповска, Али Ахмети, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Садула Дураку, Благородна Дулиќ, Абдулади Вејсели, Радмила Шекеринска и Лазар Китановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлгот за донесување на закон.

За процедурална интервенција госпоѓа Славица Грковска, повелете процедурална интервенција три минути.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Имајќи ја предвид ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија во смисла на терминот за почеток на преговори со Европската унија и обврските што Република Македонија ги има за исполнување на реформските процеси за кои што сме се обврале, а за кои очекуваме реакции во извештајот на Европската унија, имајќи го предвид фактот дека беше напоменато дека секој позитивен исчекор направен во овој краток период ќе биде позитивно оценет во извештајот на Европската унија, предлагам денешнава седница да ја прекинеме тука и да продолжиме со седница на која што се ставени закони кои што го носат знакчето на Европската унија и затоа ве молам овој мој предлог да го ставите на гласање. Имам подршка од 10 пратеници за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете процедурално.

**Славица Грковска:** Не, не, мојот предлог мора да го ставите прво на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Дневниот ред на оваа седница е определен.

(Пратеникот Славица Грковска реагира: "Јас не барам да го измените, барам оваа точка да се прекине")

Добро, вашиот предлог бидејќи морам го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Грковска реагира)

Што треба уште? Го ставам предлогот на гласање, ако нема кворум, нема валидно да биде гласањето.

Има подршка од 10 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за предлогот на госпоѓица Славица Грковска?

Гласале 34 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 29.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

(Во салата нема кворум)

Гласањето го прогласувам за невалидно.

Бидејќи немаме услови за гласање, односно немаме определен кворум, а имаме услови за оваа седница што е планирана, ја продолжуваме ...

(Реакции)

За реплики...

(Реакции: "Ќе ја прекинете седницата додека не се создаде кворум за гласање").

Нели? Можеме да закажеме координација. Тоа можеме, ако барате координација. Можеме да закажеме координација 15 минути.

Објавувам 15 минути пауза за координација.

(Пауза од 11,15 до 11,26 часот)

Бидејќи сите координатори не се собрани, давам уште половина час пауза.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,13 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои што не се во салата да влезат во салата, наскоро ќе започнеме со работа.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата ќе гласаме за предлогот на госпоѓа Грковска уште еднаш, бидејки првото гласање беше невалидно.

Кој е за предлогот на госпоѓа Славица Грковска.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 47.

Молам, службите уште еднаш да потврдат присуство на пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Според тоа, предлогот е одбиен.

Продолжуваме со седницата.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, претставник на Владата, колеги пратеници.

Навистина, имавме можност во текот на дискусијата по однос на измените и дополнувањата на Изборниот законик, да бидеме сведоци на една жестока атмосфера, што се создаде овде во Парламентот, затоа што навистина сметам дека.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, не ја слушам колешката што говори, малку повеќе тишина.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Значи колеги имавме можност да бидеме сведоци на една жестока атмосфера што се создаде овде во Парламентот, која што за жал, во голема мера е предизвикана од самата Влада, од оние што треба да бидат најзаинтересирани за процесите што се случуваат овде во Парламнетот, па не сакам да го коментирам и она што вчера вечерта се случуваше, по повод дискусијата на министерот за правда, но сметам дека и после мојата дискусија ќе има и дискусии во однос на репликите и контра реплики, па ќе може да се разјаснат некои работи.

Едноставно, Владата е одговорна за овој процес и наместо да биде победник, за да ги менаџира процесите и тие да дадат краен резултат, што ќе биде добар за Република Македонија, ние се соочуваме со една спротивност, кога навистина, има потполно отсуство на такви менаџерски способности, но би рекла и немање желба да се менаџираат правилно процесите.

Сега да се вратам на законот. Правото да се избира и да се биде избран е демократско право. Кај нас во Уставот е дефинирано избирачкото право, како еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Начинот на остварување на избирачкото право, го покажува и степенот на развој на демократијата во една држава и затоа, прашањето за изборите е важно, би рекла, посебно важно прашање.

Република Македонија во изминатиот период, во изминативе години има свое искуство во изборите и да бидам реална, има работи кои би сакала, а верувам, колеги и вие би сакале да ги подзаборавите. Но, има и работи за кои може да констатираме дека има еден процес на развој на изборното законодавство. Значи, има работи кои значат развој на изборното законодавство. Имаше колеги кои дискутираа за пеоцесите во формално правна смисла за тоа како се менувани законите, кога се носени закони и тоа искуство ни покажува, дека секогаш на прашањето за изборите, посебно се внимавало од страна на политичките партии и оние што се на власт и оние што се во опозиција и сите досегашни исксутва покажуваат, дека кога станува збор за изборите, секогаш е постигнуван еден консензус, кој бил финализиран овде во законодавниот дом, за да може врз основа на така изгласаните закони да се очекува и доверба на политичките партии во изборниот процес кој следи поради распишувањето на изборите.

Имаме искуство и во однос на начинотна работа, почнувајќи од првичната верзија на текстовите, кои што се изготвувани, па до она што значи финале овде во Парламентот и тука би сакала да го издвојам процесот на изготвување на изборното законодавство во 2006 година, кога за прв пат беше извршена кодификација на изборното законодавство. Заштo законот усвоен, Изборниот законик од 2006 година, за прв пат е извршена кодификација, што значи, во еден законик се собрани сите прашања поврзани со изборите и локалнит еи парламентарните и претседателските и она што значи избирачки список, а укинати се сите претходни закони.

Овој процес беше навистина многу значаен и наспроти дискусиите кај дел од колегите од власта, дека овој процес не билонаков каков што сака да прикаже сегашната опозиција и јас ќе ве демантирам изнесувајки го ставот кој беше заземен уште пред одржувањето на локалните избори 2005 година тек по завршување на локалните избори, треба интензивно да се започе процесот на продолжување на реформските процеси во изборното законодавство, што ќе финализира со изготвување и донесување на нов изборен законик по кој ќе се одржат парламентарните избори 2006 година.

Значи, овој процес на изготвување беше започнат уште пред одржување на локалните избори 2005 година. По локалните избори 2005 година продолжи интензивно во Министерството за правда, меѓутоа, не се одвиваше зад затворени врати, како што сега сме сведоци што се случува со и зборното законодавство. Напротив, започна со доставување на писмени барања до политичките партии да достават свои претставници во работната група што ќе го изготвува овој изборен закон, почнувајќи секако врз основа на работни верзии и забелешки кои што сме гиимале од претходните избори, а секако од релевантни домашни и меѓународни фактори, вклучувајќи го тука и извештајот на ОБСЕ.

Значи овој процес вклучуваше учество на претставници на политичките партии во Парламентот, учество на експерти, кои се занимаваат со оваа проблематика и така се одвиваше во текот на целата 2005 година.

Ќе го спомнам уште еднаш прашањето за фрустрациите кај ВМРО-ДПМНЕ, наспроти поделбата на ВМРО-ДПМНЕ на ВМРО-Народна партија. Меѓутоа, за да бидеме реални во овој процес на изготвување на законот, иако на почетокот членот што беше претставник во таа работна група на ВМРО-ДПМНЕ, кога беше една партија, а подоцна премина во ВМРО-Народна, дополнително беше проширена работната група со претставник и од ВМРО-ДПМНЕ.

За да бидеме ушт епотранспарентни во процесот, не само што во работната група беа вклучени претставници од политичките партии, туку текстовите што ги изготвуваа беа доставуванибисмено на мислење до политичките партии и тие мисељња од политичките партии, потоа беа доставувани на сите членови на работна група и на експертите, и на

меѓународните организации, за да може врз основа на таквите забелешки да се изградат потоа дополнителни ставови. Но, не само членовите на работната група, посебно беа договорени средби во Министерството за правда на која беа повикувани сите претставници од политичките партии во Парламентот дури и оние кои беа еден човек една партија. Значи, не само големите политички партии, тоа овозможи почитувани колеги, таквиот начин на работа, на крајот да имаме изборен закониик, кој ќе овозможи една концентрација на норми, кои во најголема мера ќе бидат подржани од политичките партии.

Јас ги имам овде пред мене писмено ги чувам уште од тогаш, забелешките што ги давале политичките партии. Сите, дури и оние најмалите што биле застапени во Парламентот, имавме и комуникација со непарламентарни политички партии.

Можам да констатирам со задоволство дека голем дел од овие забелешки, кои што беа доставувани и од ВМРО-ДПМНЕ и од ВМРО-Народна партија и од Демократската партија на турците и од ДУИ, од ДПА и т.н., се дел од текстот, кој што на крај беше усвоен во Парламентот во 2006 година. Усвојувањето не беше како што некои колеги неточно сакаат да соопштат непосредно пред изборите, туку во процедура, во втора фаза овој закон беше во јануари 2006 година, под претпоставка дека изборите ќе се одржат некаде на есен, како што беше редовната процедура, но политичките партии подоцна со консензус се договорија дека изборите треба да се померат нешто порано. Но овој Изборен законик беше донесен и правилата на постапување во текот на изборите беа познати на сите учесници во политичкиот процес, почнувајки од јануари 2006 година, зборувам за финалната верзија.

Изготвувањето на тој Изборен законик беше транспарентен и во текот на целио тпроцес, сите документи што ги добивавме од страна на меѓународни институции беа доставувани до политичките партии и тие можат да го следат овој процес. Имавме среќа да добиеме и позитивно мислење од страна на Венецијанската комисија, која што е важен фактор во рамките на Советот на Европа и врз основа на тие забелешки можевме и да го доградуваме текстот на законот, што и беше сторено.

Да спомнам некои работи, кои што навистина значат голем напредок на изборното законодавство усвоено 2006 година, во споредба со претходните процеси.

Иако имавме забелешки од ВМРО-ДПМНЕ дека не треба да се тргнат судиите од изборниот процес, дека не треба да се професионализира изборната администрација, ние со овој закон, сакавме да направиме чекор напред. Не само чекор кој ќе значи поместување до наредните избори, туку да направиме закон или законик, кој ќе важи на долг рок. Да прифатиме стандарди кои години нанапред ќе овозможат солиден начин на спроведување на изборите. Тоа и го направивме, иако имаше навистина реакции. Сметам дека исклучувањето на судиите од изборниот процес го подобри не само изборниот процес, туку овозможи и зголемена ажурност на судството, што секако, е определба на Република Македонија,која што за жал, со оваа Влада стагнира. Затоа што,наместо судиите да бидат вклучени во изборите, тие можат да бидат посветени на судската работа, на судиската функција и на тој начин да се придонесе за поажурно работење.

Кога сме кај изборната администрација, сакам да ве потсетам, почитувани колеги од власта дека вие не бевте реформски определени, вие се сомневавте во јавната и во државната администрација. Вие се спротивставувате на предлогот во Изборниот законик да бидат внесени одредби кои ќе значат учество на државната и јавната администрација во изборните органи во избирачките одбори и тогаш за да постигнеме консензус, бидејќи наша определба беше да се донесе Изборниот законик современ, направивме еден исклучок и во преодни и во завршни одредби беше прифатен ставот на ВМРО-ДПМНЕ, кој значеше учество на претставници од политичките партии само на изборите од 2006 година. Тогаш се согласивте со тоа. Но, сега имаме една сосема поинаква ситуација. Сето тоа што беше постигнато како придобивка, вие сакате да го срушите. Наместо да потврдите и самите дека имаме Изборен законик по европски стандарди, вие сега процесите ги враќате назад. А, зошто зборувам по европски стандарди? Јасно ви е на сите дека уште во 2005 година, прашањето за изборите, посебно по локалните избори, беше многу значајно и беше следено од аспект на евроинтегративните процеси на Република Македонија. Беше важно да се изготви нов законик, но и да се спроведат избори согласно Изборниот законик, кој ќе го оправдаат кандидатскиот статус стекнат на крајот на 2005 година. И, наместо да се признае тоа, наместо тие придобивки што сме ги постигнале и со Изборниот законик и со изборите од 2006 година, да останат потврдени, вие сега не враќате назад, повикувајќи се на потреба од измени на изборното законодавство, заради усогласување на Европската унија.

Јас, навистина, би го прашала министерот за правда што од овој текст што сега ни се нуди значи усогласување со европското искуство, усогласување со Законодавството на Европската унија. Бидејќи, не гледам ниту едно прашање од овие што се тука спомнати што значат усогласување со правото на Европската унија. Го имам извештајот на набљудувачката мисија на ОБСЕ од 2006 година, ги имам и претходните извештаи, во тек сум со сето она што се случуваше и во законодавна смисла и фактички на терен со спроведување на изборите. Навистина, не гледам оправдување да се

поднесе еден ваков законик, со ваква предлог измена каква што се нуди со изговор дека тоа значи усогласување со Европското законодавство. Навистина, колеги, не можете да ме убедите дека ова е прашањето што во моментов е најважно за Република Македонија, измените на Изборниот законик. Толку многу други приоритети имаме, толку други прашања кои што треба да значат усогласување со Европското законодавство, но да поминат овде во Парламентот, а ние сега се враќаме на нешто за што претходно сме добиле позитивни оценки. Навистина не гледам дека со овие измени и дополнувања правите чекор напред во однос на евро атланските интеграции на Република Македонија. Ниту овие измени се поврзани со НАТО интеграцијата, ниту се поврзани со интеграцијата во Европската унија. Тоа, впрочем, го покажува и самата форма во која ни е доставен овој законик, бидејќи го нема знаменцето на Европската унија, начинот, формата на кои ги обележуваме приоритетите овде во Парламентот. Наместо да расправаме за тие приоритети, да го искористиме месец септември како краен рок да се донесе нешто што може да се донесе во Парламентот, ние сега како резултат на дневниот ред составен на предлог на Владата од страна на претседателот на Собрнието, со денови расправаме за прашања, што според мене не е приоритет.

После изборите 2006 година, откако ВМРО-ДПМНЕ доаѓа на власт, наместо да се зафати со прашања што се приоритети на Република Македонија и за граѓаните и за државата, се враќа на прашањето за изборите од едноставна причина што напишале во програмата дека треба да се овозможи гласање на дијаспората и еве сега ставот на ВМРО-ДПМНЕ е дека треба да се направат измени на законот. И, тогаш зад затворени врати беа започнати некои измени, беше доставен и еден предлог за измени и дополнувања на Изборниот законик кој предлагаше гласање на дијаспората. Другите прашања што се сега предмет на овие измени и дополнувања воопшто не се спомнати. Значи, тогаш ВМРО-ДПМНЕ си тргна само од програмата за избори 2006 година и предложи гласање на дијаспората. Но, тогаш тој предлог беше доставен до Венецијанската комисија. И, знаете каков е одговорот? Јас навистина не знам со каква храброст министерот за правда како одговорен за ресорот правда, а и останатите претставници на Владата и премиерот, после едно такво мислење од страна на Венецијанската комисија продолжуваат во овој процес без да направат соодветни анализи потребни за вакви значајни измени во изборното законодавство. Јас ќе прочитам само неколку работи, кои што односно ќе спомнам неколку работи кои што се спомнати во тој извештај од Венецијанската комисија. Во тој Извештај стои: “Мерки за дозвола на граѓаните да гласаат беа имплементирани во голем број држави, но тие варираат во својот опсег и приод. Не постојат прецизни меѓународни стандарди за имплементација на таквите мерки, но изборите надвор од државата генерално треба да ги исполнуваат истите стандарди што важат за процедурите при гласање во државата”. Тоа е многу важно прашање што не смее апсолутно да се заборави. “Креирањето на систем на гласање надвор од државата зависи од посебни услови на државата, вклучувајќи управни, инфра структурни и пречки во Буџетот. Организирањето на гласање надвор од државата е сложена работа која бара значителни средства. Неговото воведување треба да биде внимателно разгледано од страна на сите изборни учесници во еден исклучителен и јавен процес за да се одржи довербата во изборниот процес”. За каков процес зборуваме сега ние. Дали зборуваме за транспарентен процес, за процес во кој се вклучени сите изборни учесници? Не. Сето ова што е овде спомнато, апсолутно во пракса не е остварено од страна на Владата. Напротив, се соочуваме со еден потполно нетранспарентен процес воден зад затворени врати од страна на Владата и како пратеници директно се соочивме со доставување на Предлог за измени и дополнувања, со Предлог закон. Значи беше доставен текст да се разгледува текст во една фаза за вакви сложени работи. Се определи власта да ја издвои постапката во две фази, но мислам дека и тоа не го решава прашањето ако од самиот почеток целиот процес не се одвивал согласно стандардите што важат во Европа. “Аранжманите на гласање надвор од државата”, се враќам на Венецијанската комисија “Мора да направат рамнотежа помеѓу продолжувањето на изборното право на гласачите кои имаат право да гласаат и осигурувајќи го интегритетот и транспарентноста на гласањето. Во државите каде што има загриженост во врска со основните прашања во врска со гласањето, како што се точност на гласачкиот регистер или интегритетот на гласачкиот процес на денот на изборите, гласањето надвор од државата понекогаш е сложен факт”. Значи, тоа ни го забележува Венецијанската комисија дека ова е сложен процес на кој треба да се обрне навистина огромно внимание. Исто така, треба да бидат разгледани и финансиските и управните импликации, кои треба темелно да бидат разгледани. Во Извештајот на Венецијанската комисија е наведено дека гласањето надвор од државата ќе се организира во дипломатските канцеларии и од страна на дипломатскиот кадар. Република Македонија има ограничен број дипломатски канцеларии надвор од државата, што би причинило потешкотии за некои гласачи кои би сакале да ја искористат оваа можност некои граѓани кои живеат во држава без дипломатски претставништва или кои живеат на голема оддалеченост од дипломатската канцеларија не би можеле да ги почувствуваат еднаквите можности за учество во гласањето. Сето ова е наведено во Извештајот од Венецијанската комисија. И покрај ваквото мислење, наместо Владата сериозно откако го доби ова мислење минатата година, да размисли

што ќе прави во натамошниот процес, напротив упорно продолжи да остварува ситно партиски интереси, кои еве сега финализираат со доставувањето на овие измени и дополнувања, каде што се проширува кругот на измените и покрај прашањата за гласање на дијаспората, имаме измени кои значат големо учество на заедниците кои ќе имаат сигурни десет места и на крајот би рекла, за да се забошотат другите работи, се предлагаат и измени кои значат надлежност на ДИК во однос на Избирачкиот список и сосема малку се третира прашањето за финансирање на изборите. Затоа и не се согласувам дека потребно е да се направат измени за да се усогласат некои прашања што биле дел од Извештајот на ОБСЕ за изборите 2006 година.

Почитуван министре, ако сакавте да направите усогласување или измени и дополнување на Изборниот законик, за да се воведат некои работи што беа наведени во Извештајот 2006 година, едиствено прашање за кои што можевте да обрнете внимание е прашањето за финансирање на изборите. Тоа прашање наназад со години е отворено при изготвувањето на сите избори. Меѓутоа, вие сега тоа прашање го користите само како форма, за да се покриете и во однос на другите работи. За да со прашањето со финансирање ни со овие измени и дополнувања, не ви е направено онака како што треба. Сметам дека ако има желба со учество на сите политички партии може да се направат соодветни измени кој ќе го подобрат и овој дел од Изборниот законик, кој за жал во претходниот период, заради начинот на функционирање и на партиите и на системот воопшто, не беше во можност да се воведат и да се пропишат во законска форма, затоа што според мене пропишувањето значи и обврска, а не како што вие сметате дека треба да направите една фарса само нешто да пропишето во Законикот, а прашање е што понатаму ќе се применува.

Затоа, ќе тргнам со дискусија во однос на поединечно на оние прашања што сега ги предлагате за измена во Изборниот законик.

Прво е прашањето за дијаспората. Навистина, ви се чудам која е вашата оптовареност и зошто ви се толкави мотивите да сте оптоварени со прашањето дека опозицијата има нешто против гласањето на дијаспората. Апсолутно неточно. Тоа е дефинирано со Уставот дека државјаните на Република Македонија имаат право на глас. Меѓутоа, ние треба да се соочиме со реалноста, дали тоа што ќе биде наведено овде во Изборниот законик може и дефакто да се реализира. И, во тоа се разликуваме, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се разликуваат во тоа, во ставовите што е право, што е правна држава, што е почитување на правната држава, што е принципот на владеење на правото. За разлика од вас ние сметаме дека тоа што ќе се напише во законикот или во кој друг било закон, треба и да се спроведува онака како што бараат меѓународните стандарди. Ако некому му пропишувате право, тоа да биде во онаква форма каква што треба да биде според меѓународните стандарди.

Затоа, ќе спомнам и некои компаративни искуства, кои што вие, за жал, само делимично ги читате, не ги читате целосно, со цел да предизвикате позитивни реакции или реакции во ваш прилог од страна на граѓаните кои ги следат овие наши дебати. Не само во Република Македонија, туку многу држави кои се и познати демократии, кои се членки на Европската унија, наназад со години, со децении го разгледувале прашањето на гласање на државјаните надвор од матичната држава. Токму заради тоа што имаат различни искуства, различни проблеми за ова прашање на европско ниво нема унифициран став, туку ова е прашање што е ставено да се регулира со националните законодавства, затоа што има многу специфики, кои што навистина до сега еве и Европа не можела да ги усогласи. Затоа, прашањата за кои што размислувале и размислуваат земји членки на Европската унија се од една страна поддржувачите на гласањето на дијаспората во овие анализи, излегуваат со тврдењето дека согласно националните устави сите граѓани имаат право на глас и право активно да учествуваат во вршењето на јавните функции, па согласно ова државата е должна да создаде услови оваа категорија граѓани да може да ги оствари овие уставни права. Како што е кај нас предвидено во Уставот во членот 22 и 23. Исто така, тие наведуваат дека на тој начин се јакнат врските политичките, економски, културни итн, меѓу матичната држава и своите граѓани кои се наоѓаат во странство. Но, опонентите на гласањето во странстово изнесуваат други аргументи меѓу кои ќе спомнам некои. Заради тоа што гласачите во странство што живеат надвор од местото каде што нивните гласови можат да одлучат кој ќе ја добие власта, тие не ги сносат директните последици од гласањето и заради тоа многу повеќе не чувствуваат одговорност да гласаат, заради тоа што сите права ги остваруваат во друга држава. Можно е на гласачите во странство да им недостасуваат информации врз основа на кои би донеле правилно решение, поради потешкотиите за претставување на кандидатите надвор од земјата. Потоа, трошоците поврзани со гласањето на лицата што доброволно ја напштиле земјата, директно паѓаат на грбот на тие што останале. И, се поставува прашањето за изборната администрација која има обврска за зачувување на тајноста на гласот, меѓутоа прашањето е како оваа обврска на зачувување тајност на гласањето се остварува на територии кои не се во надлежност на таа администрација што ќе ги спроведува изборите. И, многу други прашања. Но, мислам дека Владата апсолутно овие прашања не ги разгледувала. Не е битно, битно е да излезат да направат маркетинг на телевизија и да кажат ние сме први што ќе спроведеме гласање во странство или еве што воведуваме, повторно гласање на граѓаните на

Република Македонија во странство, тоа е ВМРО-ДПМНЕ, ве повикуваме на следните избори гласајте за нас. Сметате дека со тоа сте направиле нешто многу доволно за Република Македонија? За кого? Тоа е само дволичност со која ќе манипулирате со нашите граѓани кои живеат со странство. Затоа, треба да бидеме реални. Ако сакаме да се овозможи гласање во странство треба тоа да биде реално на условите на Република Македонија, но врз основа на анализи што се претходно направени. Вие тргнавте во авантура без да направите некои анализи, на тоа ве упатува и Венецијанската комисија, но за вас тоа не е битно и затоа и овој текст не го доставивте до Венецијанската комисија. Не сакавте уште еднаш да се соочите со негативно мислење.

Јас еве ќе спомнам и некои држави каде што има гласање во странство, меѓутоа вие гласањето во странство или кога ги наведувате овде пред нас компаративните анализи за тоа како се гласа во странство, во други држави, само делимично ни ги соопштувате податоците, само ги набројувате државите каде што има гласање во странство, но не ги наведувате другите елементи. Јас ќе ја спомнам само Германија, каде што некаде пред 20-тина години, десет години траеле анализите за да се утврди дали да се допушти гласање на државјаните на Германија во странство или не. Значи, потребно е да се направат опсежни анализи, за да може на крајот да се донесе заклучок дали може на тие наши државјани да им се овозможи ист начин на гласање како тука во Република Македонија.

Еве ќе ја споменам за пример Данска. Во членот 29 од Уставот на Данска дозволено е гласање само на дански субјект кој што е жител на Кралството, но сепак определен број на амандмани на Уставот допринесоа правото на глас да биде дозволено и на одредени категории иселеници. Во 1970 година вработените во државните институции кои се на работа во странство им беше дозволено да гласаат. Во 1988 година право на глас им беше дадено и на вработени во дански фирми, меѓународни организации во кои Данска е членка и организации за помош, како и на студенти и оние кои се вон државата поради здравствени причини. Моментално данци кои не можат да гласаат во странство се оние кои се вработени во приватен сектор, кои не е дански и невработени Данци кои не исполнуваат ни еден од другите услово.

Но вие кога ја разгледувате Данска велите, да, Данска дозволува гласање во странство. Овие работи не ги наведувате. Во тоа е проблемот. Значи, ги искривувате фактите, вистината.

Ќе ви споменам уште некои држави.

Државите кои дозволуваат гласање во отсуство, што би значело гласање во странство, не во матичната држава генерално легитимноста на истото ја одредуваат со должината на отсуството. Знаете ли што значи тоа. Сосема нешто различно од она што вие овде настојувате да ни го презентирате.

Канадските гласачи можат да гласаат во отсуство до пет години откако ја имаат напуштено Канада. После пет години немаат право да гласаат.

Во Велика Британија гласачите автоматски се бришат од избирачкиот список по 15 години поминати во странство неводејќи сметка дали имаат намера да се вратат назад. Знаете што значи ова? Верува, еве барем од она што можам да ги забележам колегите голем број од вас прв пат слушаат вакви информации. Значи, за да може да заклучиме кое е вистинското решение, потребни ни се вакви анализи и не само за државите кои што сега ги споменувам, туку пошироко. А врз основа на тие анализи да направиме сублимат на податоците, врз основа на што ќе се тргне во соодветна анализа овде во Република Македонија врз основа на нашите состојби и со граѓаните и со гласачите и тн., за на крајот да кажеме дали можеме овој процес да го пропишеме соодветно, но не само да го пропишеме во изборниот закон, туку така да се спроведе и во пракса, бидејќи еден човек еден глас важи и тука во Република Македонија, треба да важи и во странство.

Правото на заштита на избирачкото право треба да важи еднакво тука и во странство. Јас не знам навистина како според овие пропишани одредби во измените и дополнувањата ваквото право на заштита на избирачкото право нашите државјани ќе го остваруваат. Ќе доставуваат ли приговори до Државната изборна комисија, до Управниот суд, еве предлагате наместо Врховен управен суд, во која процедура, на кој начин ќе ги доставуваат приговорите, или тие нема да имаат заштита на избирачкото право. Им даваме право на глас, тоа е важно за ВМРО-ДПМНЕ, да им каже ние ви даваме да имате право на глас, да гласате, ама заштитата е тешка работа, не можеме да ја реализираме. Ако сакате до крај да спроведете нешто тогаш направете го како што треба. Тогаш верувам дека ќе имате поддршка од сите, зашто ме интересира, јас лично го кажувам мојот интерес и како пратеник и како граѓанин Македонија да биде правна држава, а не да се враќаме во процесите назад. Таман добивме по изборите 2006 година позитивно мислење за спроведување на изборите, тоа беше оценето позитивно и придонесе за стекнување услови и за преговарачки статус, ја подобри состојбата по стекнувањето на кандидатскиот статус, но тука сопревме бидејќи вие дојдовте на власт и не вративте назад, сега дали сме од преговарачки статус. Наместо да продолжите со исполнување на условите тука застанавте. Исто правите и со изборното законодавство. Треба да се вратиме назад повторно од почеток со вакви измени кои што не се соодветни, не ги перцепирале доволно сите прашања, не се осврнале на сите прашања и тие не се дел од одредбите во овие измени и дополнувања, пак на некои избори што би биле спроведени по вакви измени и дополнувања ќе се соочиме со состојба, зашто тогаш ќе биде реално

со извештаи кои ќе значат критика на процесот на спроведување на изборите. Пак се враќаме од почеток. Наместо достигнатото да го надградуваме ние буквално се враќаме назад.

Единствена измена лод минатогодишните измени што се направиле во делот на денот на гласање, наместо седум дена однапред и пред одржување на избори да гласаат граѓаните во странство, сега сте предвиделе еден ден, меѓутоа ништо ниту околу транспотот, ниту околу заштитата, никакви други одредби.

Наместо да ги разгледувате прашањата што значат искуство во Европа да се подобри начинот на гласање, дали по електронски пат и тн., да го усовршите процесот на гласање тука во државата вие не знам, навистина не ги разбирам односно ги разбирам мотивите, но не ги оправдувам заради тоа што сметам дека не се во интерес на Република Македонија и правите нешто спротивно од тоа што сме требале да направиме.

Се поставува и прашањето за дефинирање на гласачкото тело. Дали Владата знае колкаво е гласачкото тело во странство.

На изборите 2006 година имаше 1.741.449 избирачи. Лица на привремена работа и престој во странство согласно одредбите од закноите кои беа евидентирани во Министерството за внатрешни работи беа 59.605, а лица на привремена работа и престој во странство кои не се во избирачкиот список, немаат пријавено место на живеење во Република Македонија, што е услов за да бидат во избирачкиот список има некаде околу 11 илјади избирачи.

Ова се бројките кои што ги имавме од изборите. Тогаш вие се сомневавте дека оваа бројка од 59 илјади дека е нереална, дека има 200 илјади гласачи во странство, дека власта нешто со изборите ќе прави изборни манипулации и тн. Ништо од тоа. На избирачкиот список немаше забелешки ниту на локалните избори 2005 година, немаше ниту 2006 година. Подоцна ќе зборувам за тоа се што беше направено за тие избори.

Меѓутоа, во овие измени и дополнувања дефинирате кои ќе бидат лицата кои ќе имаат право на глас согласно овој законик и стои “државјани на Република Македонија на привремена работа и престој во странство во смисла на овој закон се:

- државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство во време од три месеци до една година, или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година, а согласно евиденцијата од надлежниот орган”.

Еве го повикувам министерот за правда по оваа дефиниција тој да дефинира кој е тој круг на лица. Точно да ни дефинира. Ако не знае не мора по бројки, избегнува да ги каже бројките во целиот изминат период, но нека каже кој е кругот на лицата. Дали овие 59 илјади што се евидентирани во МВР, дали тој круг е зголемен, каде се лицата кои што се државјани на Република Македонија, но немаат пријавено живеалиште, или според евиденцијата на надлежен орган. Која е евиденцијата на надлежниот орган? Требаше да направите анализа. Да се доставаат податоци колкав е тој круг на лица. Без дефиниран број на гласачи што се наоѓаат во странство и точно податоци на кое место се наоѓаат, во кои држави, како се распространети, како гравитираат околу дипломатско конзуларните претставништва, ништо немате направено од тоа, ништо немате направено од тоа. Како ќе го остваруваат правото на глас? Во Канада оние што се, во Торонто 3000 км оддалечени? Има многу Македонци што живеат во некои делови на Канада по 3000 км оддалечени од Торонто. Сметате ли дека што е отворите канцеларија во Торонто ќе го остварат правото на глас? Каде е дипломатската мрежа? Ајде да наброиме каде имаме дипломатско конзуларни претставништва, но сега овде заради форма ги наведувате и Азија и Африка и не знам кои се држави за нашите државјани што живеат таму според овој законик ќе можат да го остварат правото на глас. Кога ќе го остварат, каде во Азија и Африка, во кои држави? Навистина нема одговор на ниту едно од овие прашања.

А каде се тука претседателските избори? Ако сакавте Република Македонија да се движи во тој процес на реформи и да ги прифаќаме забелешките од извештаите на набљудувачката мисија на ОБСЕ ќе ги имавте предвид тие извештаи и кога беше на ред усвојувањето на амандманите 2005 година, во втората фаза кога имаше предлог да се намали цензусот во вториот круг за претседателски избори ќе го поддржевте тој предлог.

Вие тогаш, како и секогаш што постапувате само од сопствената позиција дали сте власт или опозиција, бидејќи бевте опозиција го одбивте тој предлог. Не сакавте ни да дискутирате, па и останатите амандмани не ги прифативте. Имавте можност рогаш да покажете дали ги следите забелешките на ОБСЕ и УНХР, и тогаш да гласате за измени и за намалување на овој цензус за да се овозможи во Република Македонија во континуитет со успех да се остваруваат избори и кога има претседателски избори да не е битна бројката во вториот круг на оние што ќе излезат на гласање, туку да е важно како гласале, за кого го дале својот глас и да има избор на претседател.

Сега сметате дека со овој Устав, или уставно решение што го имаме кога се бара во вториот круг повеќе од 50% од гласачите да излезат на гласање, сметате ли дека ќе има успешни претседателски избори на Република Македонија, без дефинирано гласачко тело? Оваа бројка од 1.741.494 гласачи евидентирани во минатогодишните избори со колкава бројка ќе се дополни. Колкав ќе биде цензусот за претседателските избори? Дали тоа сте го пресметале, или вам најмалку ви е важна

Република Македонија, па и не ви е важно дали ќе има претседател или не.

Не е важно почитувани колеги кој ќе биде тој што ќе биде избран за претседател. Секогаш треба да ги гледаме интересите на државата. Важно е Република Македонија да има успешни избори и оваа и наредната и наредните години, и претседателски и локални и парламентарни избори. Не треба само да тргнувате од вашите интереси, исклучиво интересите на ВМРО-ДПМНЕ и политиките што ВМРО-ДПМНЕ ќе ги зацрта.

За жал еве гледаме изминатава година дека тие политики буквално не враќаат назад.

Ќе продолжам со прашањето за заедниците, што сега го афирмирате.

Навистина, еве уште еднаш ќе повторам не знам зошто овој предлог не беше дел од минатогодишниот предлог. Тогаш имавте само предлог да гласа дијаспората, заедниците воопшто не ви беа битни. Не ви беа битни ни на минатогодишните избори, затоа што не гледам овде во колегите што се пред мене, освен еден, колегата Салиу, ниту еден друг претставник на заедниците. Тоа доволно говори за ВМРО-ДПМНЕ. Не само минатата година, сите 17 години наназад говорат за ставот на ВМРО-ДПМНЕ кон сите заедници и кон помалите заедници во Република Македонија. Сега наеднаш, преку ноќ се предомислувате. Овој предлог во време кога треба да разговараме за други приоритети го проширувате и со гласање на заедниците.

Навистина сметам дека не е во ред да се злоупотребуваат правата на заедниците. Тука ќе го спомена граѓанскиот концепт за кој како претставник на една лева партија сум заинтересирана, бидејќи сметам дека тоа е интересот на Република Македонија. Да, се согласувам дека треба да се почитува и Уставот, и законите и за правична и за соодветна застапеност и правата на заедниците да се очитуваат, меѓутоа ние како држава до колку сакаме да одиме напред мора да го јакнеме граѓанскиот концепт, а ова ми е и обврска заради тоа што гласачите од левицата што не поддржале и што не поддржуваат на изборите навистина се заинтересирани за ова прашање, да не поврзуваат идеите, а не тоа кој на која заедница припаѓа.

Јас се согласувам дека во изминатиот период имаше проблеми во имплементацијата на законските одредби. Да, бевме сведоци на начинот на кој што се имплементираа одредбите за правична и соодветна застапеност и тн., меѓутоа сметам дека е кукавички од сите нас кога имаме проблеми во имплементацијата на одредени прописи веднаш да бараме решение во нешто ново со воведување на некои нови правила кои можат уште повеќе да ни создадат проблеми. Ако имало проблеми во имплементација и на закон и во однос на правата на помалите заедници и тн., и при вработувања, што и колегите го спомена треба да ги признаеме тие работи и треба да кажеме дека треба да се смени тој процес на имплементација, за да може да ја подобриме состојбата во оваа или во онаа помала заедница. Меѓутоа, менување на концептот мислам дека не е добро за Република Македонија. Мислам дека тоа е прашање што многу повеќе се популаризира овде во Парламентот и таа поделба и динкстинција што ќе настане овде подоцна ќе не чини многу и мислам дека тоа граѓаните нема да го поддржат. Едноставно ќе бидат принудени да бараат некои други решенија и алтернативи од она што е нивна идеолошка определба. Ова е прашање за кое што навистина може да се дебатира, може да дебатираме сите заедно, меѓутоа не на ваков начин со поттурнување на законот буквлно пред нос на нас пратениците од опозицијата со цел да кажете СДСМ е против ваквиот предлог.

Ние сме покажале и во минатото дека сме за правата и на помалите заедници и тие се интегрирани во самиот Социјалдемократски сојуз. Тоа го покажа Социјалдемократскиот сојуз на претходните и на другите наназад парламентарни избори кои што се одржувале во Република Македонија и затоа таквите етикети мислам дека нема да ви успеат ниту кај граѓаните, најмалку кај оние припадници на заедници кои што се интегрирани во Социјалдемократскиот сојуз како политичка партија. Затоа ве повикувам малку повеќе на разум, на соработка, затоа што сите заедно мислам дека во една нормална дискусија и дебата можеме да се соочиме со овие реалности, со овие проблеми и да се изнаоѓаат решенија, а не на ваков начин каков што сега се прави со овие измени и дополнувања на закон.

На крајот ќе привршувам со прашањето за избирачкиот список.

Со овие измени и дополнувања само промовирате една идеја на претходната Влада, а тоа е избирачкиот список од надлежност на Министерството за правда да премине во надлежност на Државната изборна комисија. Навистина ли мислите дека нас ни беше тешко минатата година ова што сега вие сте го напишале во законикот да го ставиме во законик? Не. Истите овие одредби можевме и минатата година да ги пропишеме, затоа што се вели дека избирачкиот список е надлежност на Државната изборна кмисија, наброени се сите надлежности за да на крајот во преодни и завршни одредби да стои дека тој ќе биде преземен од Државната изборна комисија кога ќе се создадат услови за тоа. Тоа можевме да го направиме иние, меѓутоа не сакавме да ја лажеме ниту македонската јавност, најмалку политичките партии дека со тоа сме направиле нешто. Ќе повторам уште еднаш во однос на избирачкиот список немаше забелешки ниту од гласачите на минатите избори, ниту на локалните, ниту од политичките партии, ниту имаше забелешки на избирачкиот список во извештајот на ОБСЕ, затоа што направивме многу и тоа повторно во соработка и

транспарентно на сите политички партии кои беа дел од една работна група која работеше на избирачкиот список односно ги согледуваше состојбите со избирачкиот список, а во Министерството за правда беше покрената една акција во сорботка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи да можат да се отстранат сите оние забелешки, или пак стравувања кои постоеја кај политичките партии.

Направивме една кампања во дипломатско конзуларните претставништва и наназад 2006 година до 1990 година сите државјани на Република Македонија што живеат во странство, што се починати беа избришани од избирачкиот список врз основа на податоци добиени од дипломатско конзуларните претставништва, со нивни смртовници, документи за погребување во странство и тн., или пак со документи дека се погребани во Република Македонија. Врз основа на таа документација беше прочиастен избирачкиот список. Беше спроведена акција од куќа на куќа, сите матичари и подрачни одделенија на Министерството за правда работеа интензивно на тој процес, на проверка на гласачите најнапред што имаа под 85 години, под 80 години, под 75 години и врз основа на тие проверки од куќа на куќа се изврши евидентирање на одреден број лица кои во меѓувреме починале, а за кои во Министерството за внатрешни работи немаше евиденција заради тоа што не биле пријавени, посебно во руралните средини или таму каде што не беа извадени смртовници.

Заради транспарентност на процесите, заради загриженоста за тоа граѓаните да го остварат своето право на глас врз основа на пријавените адреси на живеење беше организирано дежурство во Министерството за правда долго пред изборите во сите матични канцалари со соодветни телефони, подрачни одделенија, заради проверка во тие две недели кога беше овозможено проверување на избирачкиот список за прв пат беше организирано проверување на избирачкиот список или можност граѓаните да го проверат избирачкиот список и своето право на глас, местото каде што ќе гласа, гласачкото место преку интернент и преку СМС пораки, за што добивме и пофалби заради организираноста на целиот овој процес.

Направено е многу во однос на избирачкиот список, но што прави Владата во изминатата година? Ништо. Наместо да го подобрува овој процес, замрени се сите овие активности што беа започнати и јас верувам дека е многу едноставно кога нешто ќе биде започнато да продолжите да го реализирате заради натамошна евиденција на нашите граѓани во странство што починале итн, ништо од овие процеси. Избирачкиот список се враќа назад, но сега Министерството за правда наместо да се организира, да бара финансиска помош, подршка од Владата тоа буџетски да се програмира наредните години, цела програма, студија, како избирачкиот список да премине од Министерството за правда во ДИК, сега имаме само една гола декларација.

Јас ви спомнав, таа идеа само ја преземавте и правно ја нормиравте. Ние можевме да го направиме тоа, но сметавме дека не е во ред ако не може да се реализира, едноставно само за тоа пропишуваме одредби. Затоа тоа не беше дел од овие измени и дополнувања, меѓутоа, таква обврска не постои и не знам зошто сега не убедувате дека е ова обврска, согласно извештајот од ОБСЕ. Обврска има Република Македонија да го ажурира постојано избирачкиот список и треба да преземете активности да обезбедите финансиски средства за овој процес да премине во ДИК со соодветно преминување и на вработените што работат на избирачкиот список во Министерството за правда, што не е мал ангажман и не може да се направи со овие одредби што вие само ни ги испраќате овде како гола декларација. Работите малку и на избирачкиот список заради тоа што повторно кога ќе има наредни избори ќе се соочиме со прашањето за тоа дали се сите починати, избришани од избирачкиот список, што е со нашите државјани што се наоѓаат во странство, дали Министерството за внатрешни работи што води дел од оваа евиденција ги продолжи активностите од минатата година или стои во место, тоа се прашањата на кои треба да одговори Министерството за правда и Владата, а не само да не залажува со ваква гола декларација.

На крајот, почитувани колеги, сметам дека она што сега го спомнав во мојата дискусија е само дел од забелешките на овој Изборен законик, на овие измени и дополнувања и пред нас е дилемата дали овој текст треба да продолжи да се движи во собраниска процедура или треба да се преземе нешто друго.

Според мене, сметам дека на оваа говорница не само јас, туку сите колеги што дискутираа минатите денови се доволна поука за Владата и сметам дека ова треба да предизвика повлекување на Предлогот за изменување и дополнување на изборниот законик од страна на Владата за да почне овој процес онака како што имаме позитивно искуство како претходно функционирал овој процес.

Владата е одговорна за тоа што се случува во Република Македонија, за тоа како се одвиваат процесите и за успешноста на процесите. Ако успееме сите сме заслужни во тоа, меѓутоа, неуспехот останува на Владата. Од начинос на кој Владата смета дека треба да протурка некои текстови во Парламентот, мислам дека е осудена на неуспех.

Затоа, заради надминување на овие состојби апелирам уште еднаш до претставникот на Владата дека има можност да го повлече овој текст и прашањата поврзани со изборите за кои има потреба да се дискутира, да се дискутираат на начин како што претходно сме дискутирале

транспарентно и со учество на сите политички субјекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има реплики?

Има госпоѓа Куновска.

Пред да го отворам циклусот на реплики, дозволете една процедурална интервенција.

Им се извинувам на господата Влатко Серафимов, Борис Кондарко и Зоран Петрески што делумно заради преоптоварениот дисплеј овде ги превидов нивните реплики кои останаа од вчера.

Ги замолувам да го уважат ова извинение, ќе ги добијат тие реплики штом завршиме, бидејќи е само една реплика, штом го завршиме овој тематски комплекс.

Повелете госпоѓо Куновска вашите три минути.

**Јагнула Куновска:** Благодарам.

Прво, ќе се заблагодарам на колешката што апелира на разум првенствено на сите нас кои сме мнозинство во овој Парламент, а истото се однесува и на предлагачот на законот. Но, јас мислам, ако е потребен разум, потребен е на сите нас кои сме во Парламентот. Сметам дека не треба колешката да зборува од позиција на некогашен министер за правда и да смета дека може критики да дели како што сака нарекувајќи мнозинство или дел од парламентарците или предлагачите на законот авантуристи сметајќи дека таа била министер за правда и како неа никој веќе не може да биде ниту да и се доближи во правниот резон. А, да беше барем министер односно да беше во период успешен по однос на правдата во Македонија, сите ќе речевме донекаде има право така да се штити себе, но периодот кога таа беше министер за правда во Македонија е период кога таа институција доживеа колапс и тука ќе застанам и ќе кажам не треба олеко политичките противници да се нарекуваат авантуристи и дека се што се предложи од мнозинството во овој Парламент е за маркетинг. Ако беше за маркетинг почитувана колешке, повеќе од час зборувавте и обвинувајќи другого за маркетинг, вие правевте личен негативен маркетинг, негативен маркетинг на партијата на која припаѓате, а што е најлошо, негативен маркетинг за Македонија.

Јас ќе кажам дека овој Предлог за измени и дополнувања на законот е ставен на дневен ред и нема враќање назад. Да престанете со практиката за секој закон било да е нов, било да е за дополнување, да велите да се повлече. Така не се оди во Европа и ќе ви кажам дека нема стрикно важни и неважни закони и дека се важни единствено важни само законите кои ни значат напред, така ќе кажам под наводници “во Европа”.

Паралелно сите закони кои треба да го следат процесот на развој на ова општество ние мора да ги проследуваме тука и да ги разгледуваме, да говориме со негативна, но и со позитивна конотација. Само така се оди напред. Никој не оспорува дека Изборниот закон од 2006 година е добар закон, јас не слушнав,но општеството не е статично, па и Изборниот закон не може да биде статичен. Тој мора да се надградува спрема општествениот развој. Овој предлог тоа го прави.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика? (Да)

Контра реплика за госпоѓа Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Јас, за разлика од колешката Куновска, независно од промена на професијата со себе ја носам и адвокатската етика и, за жал, поради тоа што таа пак постапува поинаку, јас нема да се спуштам на тоа ниво и да постапувам спротивно на тоа што заслужуваат и граѓаните како слушатели, а и она што мојот морал и етика ми го укажуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Серафимов дали ќе реплицирате на господинот министер според вашата пријава од вчера?

(Пратеникот Серафимов од место вели дека нема да реплицира, бидејќи нема ефект, а пријавен е за дискусија.)

Јас ви се извинувам, но само да помине редот.

Уште само да го прашам господинот Борис Кондарко, дали ќе реплицирате. (Да)

Повелете вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Да потсетам, ова е реплика на недовршениот дијалог односно дуел од вчера.

Вака господине почитуван министер. Најопасно нешто за секој политичар кога сте на власт посебно и кога мислите дека сте многу моќни да се поистоветувате со граѓаните. Да мислите дека единствено вие сте меродавни да ги претставувате граѓаните. Но, тоа е ваш политички избор како вие ќе се однесувате како политичар овде во Парламентот. Меѓутоа, тоа сепак личи и мириса на тоталитарност, за што говоревте со факти.

Она што јас можам да ви го признам за вчерашниот настап е дека бев во многу делови остар, меѓутоа, јас единствено се борам против вашата политика со аргументите на мојата партија, а не против вас лично за да вие реагирате така нервозно со омраза и со нетрпеливост.

Значи, еден министер да се доведе во ситуација како вчера на еден опозиционен пратеник кога мислите дека сте толку семоќни како Влада да го наречето опструктор, тоа само говори за нивото на вашиот демократски капацитет, можеби за ваша политичка или лична слабост и тоа остава грда слика за дебатата во овој Парламент.

Мислам дека недозволиво е на таков начин да се спротивставувате за искажано мислење од страна на опозицијата. Испаѓа дека опозицијата

не смее и не може вас да ви се спротистави. Тоа нема да ви го дозволиме.

На крајот почитуван министре кога толку многу го браните овој закон, зошто не кажавте на македонските граѓани, на сите граѓани на Република Македонија и на вашите 320-330 илјади гласачи дека всушност создавате услови наместо мултиетничка, мултинационална Република Македонија, граѓанска Република Македонија да создадете двонационална Република Македонија со два конститутувни народи. Дали со тоа ги делите помалите етнички заедници од Албанците? Дали утре нема Албанците да ви побараат можеби дводомен Парламент или квоти од 30-40 загарантирани пратеници по овој терк. Со тоа внесувате поделби во Република Македонија и наместо да ја интегрирате Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министре дали има контра реплика?

Вашата минута, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, очигледно дека господинот Кондарко размислил за тоа што го кажа вчера кога признава дека можеби во некои делови бил остар, што е сосема точно и јас мислам ако веќе тоа го кажа, ќе смогнеше сили барем да се извини, но тоа е негово право, јас во тоа нема да навлегувам, меѓутоа, би молел сепак во наредниот период во неговите настапи да води сметка да не ги навредува луѓето и да води сметка за изјавите што ги дава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Господине Петрески вие имавте реплика во врска со искажувањето на господинот Борис Кондарко, повелете вашите три минути.

**Зоран Петрески:** Почитувани пратеници, навистина денеска немав намера да реплицирам на говорот на почитуваниот Кондарко, бидејќи мислам дека денеска е веќе депласирано да зборуваме за вчерашниот говор кој во суштина немаше што да се забележи освен она што остана грда слика која тој вчера ни ја претстави овде, од прилика еден час не искара сите дека сме лоши, дека правиме некакви заговори, како и претходните дискутанти, зборуваше за се и сешто освен за суштината на законот.

Се обидуваше да брани нешто што не се брани односно да напаѓа нешто кое не е за напаѓање.

Во суштина, господине Кондарко, законот или она што претставува законот се три работи.

Првата е техничките измени за кои многу малку зборуваа сите, па и вие.

Втората работа за која требаше да зборуваме е дека дијаспората конечно ќе може да гласа и сите во своите дискусии зборуваа дека е добро што дијаспората ќе гласа, убаво е тоа што ќе им се овозможи на луѓето, на иселениците да го дадат својот глас, но еве се сомневаме дека тоа ќе се спроведе, се кажуваат разни изговори, но она што на крајот останува како впечаток дека никој освен ЛДП кое декларирано се произнесе дека нема да го подржи ова, сите останати се согласуваат дека дијаспората треба да гласа.

Третата работа е овозможување на загарантирани места за помалите етнички заедници за кое исто така велите дека не сте против, но еве, законот нема да го подржите од разно разни причини, а ќе ви кажам зошто. Затоа што СДСМ на овој начин губи 50% од своето гласачко тело. Тоа ви е главната причина зошто нема да го подржите законот, бидејќи сакате и понатаму да испорачате 3 или 4 пратеника и тоа благодарение на политиката на вашиот претходен претседател. Ако не беше политиката на вашиот претходен претседател кој го сменивте, потоа го избркавте претставникот на Бошњаците кој беше во вашата партија, немаше да ги има ни три четири претставници на помалите етнички заедници.

Вашата цел е токму тоа да испорачате три или четири претставници на малите етнички заедници, а да добиете гласови за 10 или 15 пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Кондарко, вашата минута, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Јас говорев, почитуван колега, за вашата политика на исклучивост. Не може за Изборниот закон, за абецедата на демократијата, за условот што го исполнивме во нашето напредување кон Европа во 2006 година постојано да се навраќаме назад. На сила да го терате ова исто како за Деловникот. Веројатно едно нешто што вас ве прави нервозни и министерот вчера е тоа што ви реков дека, запаметете, дека не можете, не смеете и немате начин, нема да го донесете овој закон ваков каков што е. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза за ручек до 14,30 часот.

(Пауза од 13,32 часот)

(По паузата седницата продолжи во 14,45 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со денешната седница со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарм.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата по Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик и да кажам некои свои видувања во однос на истиот.

Најпрво, би сакал да зборувам за важноста и начинот на кој што владеачкото мнозинство сакаше да го донесе или да го предложи на ова Собрание овој закон, да оди во една фаза, притоа давајки едно класично образложение дека не се работи за битни измени во истиот. Во една демократска земја, кога и да се зборува за измени и дополнување на Изборниот законик, сигурно е дека не само парламентарните партии

се заинтересирани за истиот, туку и сите политички партии па и пошироката јавност што е надвор од Парламентот со големо внимание ќе ги следи предложените измени на Изборниот законик . Но владеачкото мнозинство се определи овие измени и дополнувања да ги предложи во една фаза, при тоа не нудејки само измени и дополнувања во делот, како што пишува вообразложението, да се усогласи или унапреди Изборниот законик со забелешките на ОБСЕ и Венецијанската комисија, туку нудејки неколку други новини и проекти, пред се околу гласањето односно обезбедувањето загарантирани места на етничките заедници и обезбедувањето услови за гласање на дијаспората.

Мислам дека вооднос на постапката која што ја предложи владеачкото мнозинство направи голема грешка. Таа грешка ја видоа и под притисок не само на парламентарната опозиција, туку и под притисок на Советот на европа и некои други меѓународни институции, предложија законор да оди во две фази и тоа е добра работа. Сега останува владеачкото мнозинство да собере храброст ивоља и во втората фаза кога ќе го предложи законот да обезбеди и консензус вооднос на решенијата што ќе ги понуди во Изборниот законик, како би можел истиот да биде донесен во Собранието без некои поголеми забелешки и дискусии. За тоа ќе треба голем труд, голема волја и се надевам дека ВМРО-ДПМНЕ и неговите колаициони партнери ќе го направат тоа.

Зошто е битно да имаме донесено Изборен законик со консензус.?

Прво, Изборниот законик ја утврдува рамката односно правилата по кои ќе се одвиваат изборите, а знаеме дека изборите се основа на која се добива мандатот за формирање или практикување на власт во Република Македонија. Затоа е многу битно изборниот процес да протече во најдобар можен ред, да бидат исполнети сите критериуми и услови за фер и демократски избори за да може и онаа партија што ќе го освои мнозинството во наредниот период да владее без сомнение дека можеби изборите ги добила со нерегуларности односно фалсификување. Затоа е многу битно при донесувањето на Изборниот законик да се обезбеди широк консензус од сите политички партии кои учествуваат во тој процес и повторно ќе апелирам владеачкото мнозинство и неговите коалициони партнери во втората фаза односно пред да дојде овој закон на усвојување во Парламентот да направат максимални напори и да обезбедат таков консензус меѓу сите политички партии. Во спротивно, ќе остане сомневањето дека можеби намерите при предлагањето на овие измени и дополнувања од страна на владеачкото мнозинство не биле докрај јасни и чесни и дека оставаат простор за одредени манипулации на наредните избори.

Со овие предлози за измени и дополнување на Изборниот законик се предлагаат неколку новини. Прво, се предлага да се обезбедат загарантирани места за помалите етнички заедници односно 10 места со кои ќе се обезбеди нивна задолжителна застапеност во Парламентот, а исто така ќе се зголеми и бројот на пратениците во македонското Собрание.

Мојот личен став во однос на ова прашање е дека јас се согласувам со предложеното решение, но има неколку работи кои ме иритираат и би сакал за истите да продискутирам, бидејки сметам дека покрај добрата волја да им се даде право на помалите етнички заедници да бидат застапени во парламентот, се води и една друга кампања, а тоа е кампањата против СДСМ дека наводно ние сме биле против ова решение и не сме го прифаќале. Ова за мене е неприфатливо прво затоа што ако нешто во изминатиот период се изгради како константа во политичкиот живот во Република Македонија е тоа дека СДСМ е пред се граѓанска партија, партија која далеку повеќе им даваше можност да помалите етнички заедници да ги изразат своите интереси преку нивно кандидирање на листите од СДСМ, а и внатре во нашата партија имаше голем број на членови кои се нивни припадници и за сите нив постојано се имаше простор да им се даде внатре во СДСМ, било преку нивно кандидирање на листи за политички функции, било преку ставање на раководни места во институциите на државата. Сега наеднаш само со еден предлог на закон сето тоа треба да се избрише, сите изминати 15 години од плурализмот во Република Македонија едноставно со еден Предлог на закон да се каже СДСМ е против помалите етнички заедници. Мислам дека обидот на ВМРО-ДПМНЕ за секој кој што малку се разбира во политичкиот систем и политичкиот живот нема да го прифатат. На крајот на краиштата, од самиот почеток ВМРО-ДПМНЕ важњше како партија која пред се ги фаворизира Македонците и на тој национализам ја градеше својата политичка идеологија и рејтинг меѓу граѓаните на Република Македонија. СДСМ не пдолегана на тој притисок и направи голем исчекор напред од самиот почеток и им дозволи на помалите етнички заедници внатре, во рамките на коалицијата и во самото членство, да можат да ги застапуваат интересите на заедниците на кои припаѓаат.

Затоа,мислам дека обидот на ВМРО-ДПМНЕ преку овој закон да ја промовира и таа теза дека некој е против нивните права мислам дека нема да успее и дека сепак на крајот ќе се свати дека ова решение е прифатливо лично за мене и за СДСМ и дека во одредени ситуации можеби ќе придонесе за унапредување на правата на етничките заедници.

Она што исто така ми пречи во однос на оваа теза е тоа што дел од колаиционите апртнери на СДСМ од коалицијата “За Македонија заедно” исто така ја нападнаа нашата партија дека сме билепротив ова решение, велејки дека не сме го застапувале ставот дека ова е добро решение.

Јас не сум слушнал, прво, дека тие веќе имаат разговарано со раководството на СДСМ и дека изградиле став во однос на ова прашање и кое е нашето мислење во однос на ова прашање, но мислам дека влегувајки во шемата на ВМЕО-ДПМНЕ и тие да го напаѓаат СДСМ, на некој начин создаваат една недобра слика кај нивните припадници на етничките заедници обидувајки се да не промовираат нас како противници на ова решение.

Исто така мислам дека слабост на предложеното решение во Изборниот законик е тоа што само го опфаќа централното ниво на власта односно во Парламентот, додека овде не се отвори дебата и за ваква правична застапеност на етничките заедници на локално ниво. Ако веќе тие се во можност поради одредени политички состојби во Парламентот и потребата за обезбедување мнозинство за гласање за одредени закони кои се гласаат со Бадинтерово мнозинство, зошто не го отвориле и прашањето за вакви загарантирани места во оние општини каде што имаат свои припадници и каде што нивниот број е над оној што е утврден со пописот. Мислам дека ако веќе го решаваме ова прашање интегрално, тогаш требаше да отвориме дебата на сите нивоа на власт, почнувајки од локалната, па стасувајки и до централната власт, на кое ќе се решат овие прашања околу застапеноста на етничките заедници во институциите на власта. Тоа е една голема слабост дали затоа што законот за локална самоуправа се донесува со двотретинско мнозинство и претставува системски закон, немаше можност да се отвори оваа дебата. Бидејки ова прашање ќе остане, се надевам дека понатаму ќе остане размислувањето што ќе се случува и со овие права на етничките заедници на локално ниво, бидејки сега исто така, ако некаде имаат можност етничките заедници да бидат дел од власта, тоа е таму каде што е на власт колаицијата “За Македонија заедно”, додека многу малку онаму каде што е на власт ВМРО-ДПМНЕ во советите на локално ниво има претставници и на другите етнички заедници и мислам дека тоа е уште еден аргумент плус дека СДСМ е тој кој што пред се водел сметка за заштита на интересите на помалите заедници.

Исто така, мислам дека со ваквото решение Македонија во овој момент до колку се изгласа овој закон ќе биде чекор назад кон остварување на една граѓанска демократија, односно можност да се изгради нација на Македонците и сите етнички заедници да се чувствуваат како дел во Република Македонија. Тоа го зборувам затоа што тргнувајки од реакциите во јавноста, голем дел од припадниците на овие етнички заедници сметаат дека можеби причината зошто до сега не ги оствариле своите права е затоа што немале доволн број на претставници во Парламентот и мислам дека кога ќе почне, до колку се изгласа овој закон и почнат кампањите, голем дел и од помалите етнички заедници и нивните политички претставници ќе водат една кампања со која ќе сакаат да ја подигнат нивната национална свест на повисоко ниво и на тој начин малку ќе се одалечиме од градењето на граѓанскиот концепт во Република Македонија, што е уште една негативност. Ќе треба после повеќе време да се свати дека интересите би можеле да ги остварат и поинаку, а не само преку поголем број на нивни претставници во Парламентот, дури и сега ако направите една анкета меѓу нив што имаат поголем интерес, дали да имаат поголем број претставници во Парламентот или да почнат да им се решаваат основните социјално-економски прашања, јас верувам дека голем број од нив ќе го дадат одговорот дека навистина приоритет треба да биде решавањето на проблемите околу вработувањето, сиромаштијата, стандардот и т.н. и мислам дека застапниците на ова решение во Изборниот законик требале и тоа прашање да го отворат по преговорите со владеачката партија и да обезбедат одредени механизми со кои и овие прашања ќе почнат да се решаваат, а не сега во најголем дел при конкурсите за правична застапеност да се примаат пред се претставници на албанската етничка заедница.

Значи генерлно за мене е прифатливо помалите етнички заедници да имаат гарантирани места во Паралментот, но сметам дека уште многу прашања остануваат отворени и се надевам дека кога ќе дојде наредната фаза од овој закон навистина ќе се постигне еден поширок консензус и многу прашања ќе бидат разјаснети. Во спротивно, ова ќе остане како еден обид нешто да се направи парцијално, а не да се понуди генерално резшение.

Во однос на прашањето за гласањето на дијаспората, мислам дека и ова прашање владеачкото мнозинство го фрли на расправа во Паралментот без да понуди одговор на сите прашања како тоа ќе се реализира и кои ќе бидат начините овој процес да се изведе на најдобар можен начин, најдемократски, најтранспарентно и најчесно во однос на заштитата на сигурноста на гласањето.

Значи, прво, ВМРО-ДПМНЕ кога планираше да го воведе проектот за гласање на дијаспората, планираше тоа да биде друга, седма изборна единица и да се избираат 20 пратеници како претставници на дијаспората, но под притисок на опозицијата го прифати решението, тоа беше предлог и на СДСМ, да бидат одреден број на претставници на дијаспората, во случајот три. И тука исто така ставот на СДСМ е јасен, но министерот и во своето излагање, а и другите претставници од владеачкото мнозинство не понудија точни информации на кој начин ќе се одвива овој процес. Прво, немаме точна евиденција колку наши граѓани живеат надвор од границите на Република Македонија. Второ, нема можности на сите кои живеат надвор од границите на Република Македонија да им се обезбеди можност да гласаат во дипломатско конзулраните претставништва бидејки во дел од тие земји и немаме дипломатско-конзуларни претставништва и останува прашањето во таа ситуација дали тие наши граѓани, ако им дадеме

право на глас на оние кои живеат надвор од Република Македонија да гласаат, нема да бидат обесправени и нема да имаат можност да гласаат. Мислам дека тука ќе остане отворено прашањето во наредната фаза да се решава на кој начин ќе гласаат претставниците на дијаспората, дали најдобро решение е тоа да се прави преку дипломатско-конзуларните претставништва или да се воведе некој друг начин, затоа што во голем дел оние каде што немаат такви претставништва ќе бидат обесправени и ќе немаат можност да го дадат својот глас.

Во однос на точната евиденција на наши граѓани кои се надвор од границите на Република Македонија, исто така е еден процес за кој што навистина е клучен предуслов да може овој процес да се одвива, значи мора да се има точна евиденција колку наши граѓани живеат надвор од Република Македонија и тоа да биде јавно кажано, да биде тој список усогласен, да биде транспарентно, а не како сега да се шпекулира дека има толку или да се стаса до бројката 190-200 илјади дека се наши граѓани кои што живеат надвор. Тука е најголемото сомневање за регуларноста на овие избори. Мислам дека се свесни и во Министерството за правда и во Владата дека ако за некого е прифатливо или да биде прифатливо ова решение, пред се мора на точен начин да се понуди евиденција колку наши граѓани живеат надвор од границите на државата, бидејќи во спротивно и тука ќе остане сомневање околу регуларноста и постапката за одвивање. Тука се отвораат и други прашања, начинот на водење на кампањата, начинот на презентирање на програмтаа на политичките партии, прашањето околу тоа како ќе се регулира денот на изборите, самиот процес.

Но затоа добро е што законот оди во две фази и ВМРО-ДПМНЕ прифати потоа веројатно да се направи консензус меѓу сите политички партии. Така да, апелирам до Министерството за правда овие наши забелешки најсериозно да бидат сфатени, бидејќи како што кажав, многу е битно Изборниот закон да се донесе со широк консензус од стана на сите политички партии.

Исто така, околу гласањето на дијаспората, прашањето дали тие треба да гласаат и при избор на претседател на Република Македонија, со оглед на тоа што постои големо сомневање, дека во таква една состојба не би можело да се постигне цензусот од 50+1 глас, дали ќе треба да се измени и Законот за избор на претседател и цензусот да се намали, или ова решение нема да постои во Изборниот закон, и ќе можат тие да гласаат само на парламентарните избори.

Навистина постојат многу прашања по однос на Изборниот законик. Жал ми е уште еднаш што владеачкото мнозинство проба со предлагањето на овој закон да прави политички пресметки со опозицијата, обвинувајќи ја за неколку прашања, за кои што смета дека ќе добие политички поени кај граѓаните, пред се, од помалите етнички заедници, претставувајќи не дека сме против овие решенија. Затоа се надевам и апелирам до поднесувањето на предлогот на закон за избори, би било добро уште еднаш да се апелира, Министерството, Владата, да вложи максимални напори да се обезбеди консензус со сите политички партии, како би можело наредните избори да бидат подобри од последните парламентарни избори, за кои што добивме високи оценки, а не вака да остануваат сомневања по однос на одредени заложби, или можности за манипулација на изборите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

На ред за збор е господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Денеска е четврт ден како расправаме околу потребата за донесување на измени и дополнувања на Изборниот законик.

Мое лично мислење е дека немаше да имаме толку голема и опсежна расправа доколку Владата имаше слух да седне и да поразговара со опозиционите партии и да најдеме еден заеднички јазик, еден заеднички став, какви ќе бидат наредните избори во Република Македонија. Меѓутоа, од Владата немаше слух да се седне и да се разговара околу Изборниот законик, околу измените и дополнувањата на Изборниот законик и затоа дојдовме во една ситуација во која што состојбата стана толку алармантна што дури и денеска во сабота треба да работиме, за да се исполнат нечии ветувања и нечии цели. Меѓутоа, наша должност е да одработиме и тоа ќе го сториме.

Во изминативе неколку денови од опозицијата, бевме од страна на позицијата, на владеачкото мнозинство во Парламентот бевме обвинети дека вршиме опструкција на измените и дополнувањата на Изборниот законик, дека сме против етничките заедници и дека сме против гласањето на дијаспората на парламентарни избори и на сите општи избори во Република Македонија. Меѓутоа, слушнавме од оваа говорница дека СДСМ атерира. СДСМ никогаш не ги менува ставовите, оние кои што ги има изградено, за доброто на Република Македонија. СДСМ не донесува ставови врз основа на база на дневната политика. Ние имаме став по ова прашање и тој став ќе го испочитуваме. Атерирањето се случи, дали од Владата дали од владеачкото мнозинство. Како се случи атерирањето? Во последен момент се одлучи измените и дополнувањата на Изборниот законик да бидат во две фази.

Прво беше во една фаза, за да последниот ден на предлог на пратеник од ВМРО-ДПМНЕ Владата го прифати анблок. Зошто се случи сето тоа не добивме одговор. Сметам дека требаше да добиеме одговор од Владата на Република Македонија, зошто во последен момент се пристапи кон донесување на овој закон во две

фази. Донесувањето во две фази и ние како СДСМ рековме во две фази, ќе учествуваме во работата на Собранието. А нема да ја бојкотираме работата на Собранието ако се носи во две фази. Ако беше во една фаза, тогаш го кажаа нашиот став нашите лидери.

Имам впечаток дека секогаш кога ќе дојдеме во една состојба на која што Владата не е спремна да ги стави на дневен ред законите со европски предзнак, тогаш во Собранието на Република Македонија се ставаат на дневен ред точки кои што ја дигаат тензијата во Собранието меѓу пратениците. Таков е случајот со Деловникот, донесување на новиот Деловник, таков е случајот и сега со Изборниот законик. Меѓутоа, сепак, од оваа говорница сакам да кажам дека односите во Парламентот нема да бидат нарушени, без разлика што имаме ние жестоки дискусии, без разлика што некогаш драстични се разликите во нашите ставови. Меѓутоа, кога ќе дојде на ред прашањето на законите кои што носат европски предзнак, секогаш ќе бидеме кохерентни и секогаш ќе имаме еден ист став.

Дали е тоа целта на оваа Влада, тоа ќе покаже времето. Меѓутоа, ние ќе ја одработиме нашата работа, ќе ги кажеме нашите забелешки, а за во иднина Владата треба да има свој подобар впечаток и за работата на Собранието и не треба целата вина да ја префрла врз работата на пратениците од опозицијата.

Во овие неколку денови се постави и прашањето зошто токму во овој период се стави на дневен ред Предлогот за измени и дополнување на овој закон. Ниту вие почитуван господин министер, ниту вашиот заменик не најде за сходно да одговори на ова прашање. Зошто токму во овој момент се постави ова прашање. Тоа го повлече сомневањето дека можеби Изборниот законик се става на дневен ред за да се придобијат помалите етнички заедници, за да се добие Судскиот совет. Би сакал да верувам дека ова не е така. Затоа што помалите етнички заедници кои се застапени во овој Парламент секогаш чесно и достоинствено се однесувале во нивната работа, а мислам дека така ќе биде и во наредниот период. Меѓутоа, одговор требаше да добиеме на ова прашање: дали Република Македонија како држава е спремна бројот на пратениците од 120 да се зголеми на 133. Истото прашање беше поставувано и во претходните денови. Меѓутоа, зголемувањето на бројот за 13 функционери повлекува и други прашања. Знам дека сакате да ја задоволите бројката од 12% за да припаѓаат на етничките заедници во овој законодавен дом. Меѓутоа, ако од 133, 12% не се 10, туку се 15, зошто не одите со бројка 15 места за помалите етнички заедници. Тука се провлекува една друга цел. Тука се повлекува да задоволиме одредени етнички заедници.

Во преамбулата на Уставот стои “и други”. Како ќе го решиме прашањето “и други”. Имаме искуство од повеќе земји. Еве ќе го земеме хрватскиот модел, каде што вели и други, меѓутоа тие учествуваат во работата на Парлементотот. Се менуваат. Една година едни, друга година други. И тоа е така решено. Како ние ќе го решиме тоа, ако толку оваа Влада се грижи за застапеноста на етничките заедници. Ако вие како Влада бевте запознаени што се не беше изнудено и што се не беше условено од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој што ги прогласи изборите во 2006, пред да започне кампањата дека ќе бидат фалсификувани, зошто овој момент, вие не се вратите на вашите ставови кои што сте ги имале во 2006 година во јануари и февруари. Зошто ако го ставевте на дневен ред изменувањето и дополнувањето на Изборниот законик зошто не го променивте претседателот на Државната изборна комисија. Ваше барање беше претседателот на Државната изборна комисија да биде од редовите на опозицијата. Еве дојде време СДСМ е во опозиција, дајте да го промениме претседателот на Државната изборна комисија, па да разговараме и за Изборниот законик. Меѓутоа за работи кои што не ви одговараат вие не сакате да разговарате. Меѓутоа, став е дека треба претседателот на ДИК да се смени во овој момент кога го стававте на дневен ред.

Би се осврнал на гласањето на дијаспората. Во претходните денови дојдовме до различни бројки колкава ни е дијаспората на Република Македонија. Се шпекулираше со бројки од 190 илјади, се дојде до бројка од 50-65 илјади. Имаме на дневен ред Предлог за донесување на Изборниот законик, а ние немаме точни бројки колкав е бројот на дијаспората. Колку македонци кои што живеат надвор од границите на Република Македонија ќе гласаат на наредните избори. Мислам дека тоа е бројка која што вие како Влада требаше да ја имате пред да го ставите на дневен ред овој Предлог за измени и дополнување на Изборниот законик. Меѓутоа и таа бројка која знаеме дека се движи од граници од - до, никогаш не беше кажана од стана на Владата на Република Македонија. Како ќе се изврши пописот на луѓето кои што живеат надвор од државата. Како ќе знаеме дека на наредните избори од дијаспората ќе гласаат 20, 30, 50 илјади или 100 илјади луѓе имаат право на глас. Некој тоа треба да го каже. Никој не кажа кога ќе го ставиме на дневен ред во втората фаза тогаш ќе излеземе со конкретни бројки и ќе ви кажеме дека надвор од границите на Република Македонија ќе гласаат 50 илјади граѓани на Република Македонија кои живеат и работат надвор од границите на Република Македонија. Кој ќе го направи тоа? Дали Република Македонија е спремна во овој момент да организира избори надвор од границите на Република Македонија. Колку конзуларни дипломатски претставништва се спремни во овој момент да организираат избори? Во колку дипломатски конзуларни претставништва Владата планира да спроведе избори? Како ќе гласаат граѓаните на Република Македонија кои

живеат и работат во земји каде што немаме дипломатско конзуларни претставништва.

Се спомнаа финансиските услови. Не се проблем финансиите. Трошоци имало и во Република Македонија при организирање на избори, трошоци ќе има и за организирање на избори во дијаспората. Меѓутоа, фер и демократски, да го знаеме правилото на игра, фер и демократски е да знаеме дека во земјите во кои што нема дипломатско конзуларни претставништва луѓето ќе гласаат во најблиските, во најдалеките, кај ќе бидат тие сместени. Меѓутоа, на Владата како да и беше побитно само да го ставиме на дневен ред Предлогот за измени и дополнувања на Изборниот законик, а се друго може да почека, па дури и местата каде што ќе биде извршено гласањето на дијаспората ќе бидат под знак прашање. За условите и да не зборуваме. Понудени се повеќе начини, имате можност да изберете, меѓутоа, вие како Владата требаше да ни кажете ние планираме со дијаспората вака и вака. Избирачкиот материјал како ќе оди, кој ќе го прими. Вие гледате дека во овие моменти во едно дипломатско конзуларно претставништво имаше инцидент меѓу амбасадор и вработен. Замислете што ќе се случи ако имаме, како што е редот да имаме во дипломатско конзуларните претставништва симпатизери од едната или од другата страна, и од власта и од опозицијата. Замислете да имаме инцидент при гласањето во дијаспората, кој ќе биде кредибилитетот тогаш на Република Македонија. Затоа треба да се подзамислиме, затоа бевме не против гласањето на дијаспората. Бевме да се створат услови како да се гласа во дијаспората, дали Република Македонија е спремна во овој момент да организира избори надвор од границите на Република Македонија - за мене е сеуште дискутабилно. Ако имавме една слика и ако имавме еден предлог од страна на Владата во кој ќе ни беа стриктно кажани и стриктно дадени начелата и инструментите како ќе се одвиваат сите овие активности, сметам дека ќе немаше толку долга и широка дебата околу оваа точка.

Што се однесува до помалите етнички заедници, од страна на владеачкото мнозинство беше ставено до знаење дека СДСМ е против етничките заедници. Да ви кажам право таа теза ви успеа.

Ви успеа во рамките на луѓето каде што има повеќе припадници на етничките заедници, да создадете една состојба во која што ќе кажете дека СДСМ е против гласањето односно против квотите за помалите етнички заедници.

Почитувани колеги, СДСМ никогаш не бил и нема да биде против помалите етнички заедници. Секогаш СДСМ наоѓал разбирање за помалите етнички заедници. И, сега ќе најдеме заеднички јазик со помалите етнички заедници и ќе им се овозможи она што го бараат. Меѓутоа, од кога се побуди потребата за помалите етнички заедници кај ВМРО-ДПМНЕ, од овој момент, од кога беше ставен предлогот за измени и дополнувања на Изборниот законик или од порано. Кај СДСМ таква дилема немало. За етничките заедници секаде имало место и секогаш имало место. Во советите на општините, каде што имаме поголема застапеност на етничките заедници, на листите на СДСМ се најдоа и Роми, Турци и Власи. Меѓутоа, не знам дали тоа се најде на листите за советници кај ВМРО-ДПМНЕ. Одеднаш побудата да се грижат за помалите етнички заедници.

На почетокот на моето излагање кажав дека ако го бараме цензусот од 12% припадност на етничките заедници во Република Македонија, тогаш зошто не се 15 места, туку се даваат 10 места на помалите етнички заедници. Тие 15 места нека ги распределат спрема нивната процентуална застапеност. Зошто немаме загарантирана квота по еден од сите етнички заедници, туку има стриктно кажано во вашиот предлог четри за Турците, два за Србите, два за Ромите еден за Бошњаците. Нека има од сите по едно место, но загарантирано за секоја етничка заедница, а другите према бројот на гласовите нека си ги распределат пак а тие места. И таква варијанта има. И такво размислување има. Меѓутоа, вие почитуван господин министер, Владата не сакаше да ги сослуша, ниту пак сакаше да седне на маса со опозицијата за да ги решиме овие проблеми. Ако одиме според процентуалната застапеност на етничките заедници, тогаш секогаш ќе имаме проблеми околу бројот и квотите на застапниците на помалите етнички заедници. Не навлегувам во тоа дали со овој Изборен законик кој што ќе биде донесен, дали денес, дали утре, дали после шест месеци, кога ќе биде втора фаза, дали ќе се решат проблемите во Република Македонија со етничките заедници. Дали ќе се решат проблемите околу организирањето на изборите во Република Македонија. Факт е дека кога е СДСМ на власт се организираат фер и демократски избори. Факт е дека кога е ВМРО-ДПМНЕ на власт секогаш имаме избори кои што побудуваат сомнеж и кај меѓународната јавност и кај самите граѓани во Република Македонија. Затоа, беше потребно да се седне и од страна на опозицијата и од страна на позицијата на заедничка маса и да се решат проблемите околу Изборниот законик. Вака, едностраното решавање на проблемите, ќе мислите дека е само привидно решено, а фактички проблемите ќе ги оставиме под тепих. Затоа, јас предлагам овој предлог за измени и дополнувања на Изборниот законик да го повлечеме од дневен ред, да изнајдеме заеднички став помеѓу позицијата и опозицијата во кој што ќе бидат вклучени и помалите етнички заедници, да го донесеме овој законик по теркот на Европската унија, по теркот на сите цивилизирани и култивизирани земји, за да немаме утре проблеми дали СДСМ бил на власт, дали ВМРО-ДПМНЕ бил на власт, кој го направил изборниот фалсификат и како го направил. Само така можеме да одиме напред, само така можеме да чекориме кон Европа.

Затоа, почитуван министер, на крајот сакам да ве замолам ако можете да ми одговорите на поставените прашања кои што беа од моја страна, а до колку не, ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и вас.

Ратко Димитровски има реплика од три минути, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Серафимов, мошне внимателно го слушав вашето излагање и не можам да се изначудам на вашиот цинизам, како што беше цинизмот на сите ваши колеги, претходни дискутанти и она што вие го кажувате е јасно прочитано од сите други колеги овде а и од македонската јавност. Желбата не е да се оди напред, туку желбата е да се остане на она ниво на кое што сме биле до сега и за она кое што и во мојата претходна реплика на вашиот колега кажував дека ние до сега бевме познати по тоа што имавме неправилни избори, по тоа што имавме фалсификати, по тоа што имавме манипулации со помалите етнички заедници, поготово во нашата изборна единица и во нашите конкретни избори. Мислам дека треба да знаете дека со овој закон токму тие работи се спречуваат.

Би се задржал на вашата констатација зошто сега измени во Изборниот закон. Заради едно прашање, заради ова што беше до сега, да имаме време да се подготвиме, да не биде како до сега, го донесуваме законот, го распуштаме Собранието и веднаш одиме на избори. Ние сега ќе донесеме изборен закон, ќе имаме време да се подготват изборните списоци. Вие слушавте дека се јавува голема разлика во изборните списоци со кои што вие до сега манипулиравте. Значи, ќе се прочистат изборните списоци, ќе се стават на располагање на Изборната комисија и секој ќе има можност да изврши увид, што до сега тоа го немаше. Значи, времето кое што ќе биде од почнувањето на важноста на законот до првите избори, ќе биде прилично долго, за да може да се види што чини, што не чини во тој закон.

Втората ваша забелешка, не знам зошто ви смета гласањето на нашата дијаспора. Математички гледано ние имаме повеќе од 10% од нашата популација, можеби 15%, источниот дел од Република Македонија од каде што имаме најповеќе, кои се надвор од државата на било каој начин, дали се избркани, дали економските прилики биле такви што морале да излезат надвор и тн. Зошто на тие луѓе да не им овозможиме да гласаат таму каде што се, зошто мора да доаѓаат овде. Ако се избркани 10%, ако се надвор од државата 10%, со постојниот Закон математички ако споредите, тоа е само некаде околу 2% од вкупниот број членови на Парламентот. Не знам зошто ви смета тоа.

Сосема на крај, присетете се какви беа изборите и како вие манипулиравте со етничките заедници, со етничките Роми во Општина Кочани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Дали има контра реплика?

Повелете господине Серафимов, вашата минута.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине Димитровски, оценка за изборите во Република Македонија во 2006 година не даде Влатко Серафимов, даде ОБСЕ, даде ОДИХР. Тоа е едната работа. Прочитајте и ќе видите како се оценети изборите во 2006 година. Манипулацијата со Ромите во Кочани, на листата на советници во Општина Кочани секогаш имаме Ром. Тоа ли е манипулацијата. Ако е тоа манипулација, тогаш кажете, нема да имаме во наредниот период.

Втората работа што сакам да ви ја кажам, ние не сме против гласањето во дијаспората. Ние сме за тоа како ќе се изврши тоа гласање. Дајте ни одговор на тоа прашање. Не ми кажувајте колку има во дијаспората во проценти, дајте ни конкретни бројки.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Серафимов.

Сега, за реплика се јави Фанче Дамески, а потоа ако немате ништо против јас би се приклучил на списокот за реплики.

Повелете господине Дамески, вашите три минути.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Една исправка, презимето ми е Дамески за во иднина. (Претседателот го најави како Димески).

Почитувн претседателе, почитуван министер, во однос на дискусијата на господинот Серафимов, која е копија на сите дискусии кои се од страна на пратениците на СДСМ и се базира воопшто само на одредени тези, на претпоставки без да изнесе ниту еден аргумент за она што го кажа.

Господине Серафимов, факт е дека вие и вашата политичка партија вршите опструкција не само на донесувањето на овој Изборен законик, туку и на целокупната работа на Парламентот. Полна ви е устата дека се работи за закони со европски предзнак, а сетете се дека пред една недела вие за еден таков закон со европски предзнак од цели деве странци, дискутиравте пет часа. Тоа зборува дека вашата цел е само опструкција на работата на Парламентот, без разлика каков закон имаме на дневен ред.

Од друга страна не ми е јасен вашиот страв од гласањето на дијаспората. Чиј став, чие барање беше да се избираат тројца пратеници од дијаспората, Да ми кажете дали тоа не е атерирање на ставот на СДСМ.

Што е друго лошо во одредувањето на квоти на малцинствата во Македонија. Па, секаде во светот помалите етнички заедници имаат квоти и нрмалано е помалите етнички заедници своите права можат да ги остварат само во соработка со опозицијата. Не може помалите етнички заедници да ги остварат своите права од дејствување во опозиција. Меѓутоа, најверојатно вас ве боли фактот што многу илјади гласови кои

СДСМ ги добиваше на сметка на тие мали етнички заедници, сега ќе ги нема на следните избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Дали има контра реплика?

Повелете господине Серафимов, вашата минута.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Дамески.

Еден мој колега кажа дека ЦД, не мора да зборувате, не мора да реплицирате, туку има ЦД, пуштете го ЦД-то и се исто ќе биде. Не сме против гласањето на дијаспората. И на претходниот репликант и на вас ќе ви кажам дека СДСМ не е против гласањето на луѓето кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Не сме против квотите на помалите етнички заедници да им се дадат места, меѓутоа ако се иде процедурално зошто не е процентот од 12% се помали етнички заедници во Република Македонија. Ако се 12% и ако толку се грижите за помалите етнички заедници, ве молам дајте им 12% од 133 пратеници, а тоа се 15. Дајте им 15 места, па тогаш ќе знаеме дека разговараме за закон кој што треба да се донесе во ова Собрание, бидејќи ќе се заштитат помалите етнички заедници, а вака е чиста манипулација.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Дозволете ми да земам збор за кратка реплика.

Почитувани пратеници, пред се сакам да кажам дека ова мое обраќање воопшто нема намера да полемизира со ставовите на господин Серафимов, сакам на сите да ви се обратам, без оглед на која партија припаѓате, без оглед на тоа какви се вашите актуелни ставови по однос на оваа материја, а во прилог на општиот државен интерес и најмногу во прилог на нашиот Парламент.

Деновиве по редот на нештата примам грстови убави писма од европските парламенти, кои доаѓаат како одговор на неодамнешната наша декларација усвоена за пристапот на Македонија кон Европа и кон НАТО. Тие одговори се од ладни, процедурални, аднотам писма до многу срдечни поддршки на нашата декларација која, како што сите се сеќаваме добро, беше едногласна. И, до овде е се на ред.

Она што мислам дека не е во ред и што треба сите да го прекинеме како реторика е после една таква декларацијам, со која ние се гордееме со својата едногласност, позицијата да ја прогласува опозицијата за антиевропска и обратно опозицијата да ја прогласува Владата за антиевропска. Среде една трка кога сите тврдиме дека треба да направиме максимум, дека сме едногласни во трката, сами си ја сечеме гранката на која седиме.

Затоа, ве молам, без оглед колку се диспаратни вашите ставови, без оглед на материјал по кој се води материјална расправа, да ја ублажиме таа реторика. Просто една реторика која не е логична. Само затоа сакав да ви се обратам, мислејќи дека тоа е крајно време. е сум голем оптимист дека оваа интервенција Бог знае како ќе делува, за жал, но мома должност е на тоа да ви укажам, зошто слушам, малку сум одделен и повеќе слушам, помалку говорам и имам природна шанса да дојдам до еден таков објективен заклучок.

Благодарам и се извинувам господине Серафимов што зедов момент кога вие говоревте и нема врска со вашето излагање. Благодарам.

Повелете имате право на контра реплика една минута.

**Влатко Серафимов:** Не е контра реплика почитуван претседателе, туку сакам да ви се заблагодарам на вашите добри искажувања и овие ваши три минути што ги искористивте како контра реплика сакам да бидат и знак на една добра волја во која што ќе се почитуваме и како позиција и како опозиција и како Влада на Република Македонија, а воедно и ќе ги почитуваме и другите институции на Република Македонија, како што е претседателот на државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господин Тахир Хани, повелете имате збор.

**Тахир Хани:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Сега е веќе трет ден откако во Парламентот се дебатира за предлогот на Владата, кој што е во однос на Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик.

Предлогот на Владата за Изборниот законик побуди голем интерес, не само поради тоа што има опфаќање на сите политички партии во расправата, туку сите политички партии ги презентираат, ги претставуваат своите интереси и своите аспекти за Изборниот законик . Меутоа јавноста надвор од Парламентот внимателно ја следи политичката дебата која што се одвива во оваа сала.

Едно од многуте прашања кое што се поставуваат како од пратениците така и од страна на многу експерти, клучни експерти зошто Владата има свој интерес овој Предлог на закон да го стави на дневен ред токум сега. Дали е сега времето и моментот за да биде овој Предлог на закон на дневен ред сега.

Сите ние знаеме тоа го истакнавте и вие почитуван претседателе, дека Парламентот на Република Македонија има усвоено декларација со која што сите се согласуваме за интеграција на земјата или државата во НАТО и Европската унија. Меѓутоа, од друга страна нашата ориентација кон евро и НАТО интегрирање во прв ред бараат политички амбиент во Парламентот во земјата, дури потоа ќе бидеме составен дел на НАТО и Европската унија како дел кој што придонесува во стабилноста и европската политика.

Во овој момент ние имаме неколку приоритетни закони. Меѓу тие приоритетни закони е и Законот за јавните обвинители, Законот за Советот на јавни обвинители, дополнувањето на

Републичкиот судски совет. Значи, Европската унија на перманентен начин ни повторува дека ние треба да ги завршиме судските реформи. Покрај судските реформи мислам дека меѓународната заедница перманентно ни повторува создавање на политички амбиент, политичка клима со дијалог помеѓу опозицијата и позицијата и конценсус за тие закони кои што се интерес на земјата. Ние знаме дека Република Македонија има посебна специфика во Балканот, а и пошироко и спецификата на оваа држава е Охридскиот рамковен договор.

Охридскиот рамковен договор потекна како резултат на консеквентна и доследна војна, или пак како резултат на еден конфликт во 2001 година за реализиција на оние имедијантни или итни интереси на Албанците во земјата Република Македонија.

Сите сме свесни дека конфликтот од 2001 година не беше за негово пријатен, беше за некого болен, за сите ентитети во земјата. 2001 година донесе е сигуност за сите граѓани, за сите ентитети, за среќа овој конфликт заврши со еден мировен договор, заврши со Охридскиот рамковен договор, заврши со 15 амандмани кои што станаа составен дел на Уставот на Република Македонија.

Меѓу тие амандмани кои што и до ден денес имааат значење и тежина, тоа е амандманот 6, 5 и амандманот 10.

Амандманот 5 говори за службената употреба на албанскиот јазик.

Амандманот 6 говори за правичната и соодветна застапеност на заедниците во државната и јавната администрација.

Кога сме кај амандманот 6 сакам да ви дадам до знаење исто и на помалите етнички заедници во овој парламентарен состав дека тоа е резултат на овој договор, е резултат на овој амандман, што и другите национални малцинства го наоѓаат својот интерес и идентитет за реализација на своите права во Република Македонија.

Амандманот 10 е амандман кој што засегнува и на индиректен начин е состевен дел на расправата на Изборниот законик, затоа што не почитувањето на тоа што е не само волја или пак не само политичко претставување на албанската заедница во овој Парламент, туку Албанците во овој Парламент треба да имаат и одлучувачка моќ.

Оваа моќ на донесување на одлуки, или одлучување кое што на некој начин се одстрани на 5 јули 2006 година создаде проблеми како за ефикасноста на Парламентот на Република Македонија, така и за функционалноста на овој дом, затоа што ние сме сите свесни дека реформите во судството, проблемите со оние закони кои што се во однос на двојното гласање, или двотретинското гласање, или пак Бадинтеровиот принцип имаат застој и нема да запре. Ние сме свесни дека изворот на кризата почна на 5 јули во оној момент кога мандатарот Никола Груевски беше во дилема дали во неговата владина коалиција да ја земе легалната и легитимната политичка партија на ДУИ, која што единствено победи и доби 19 пратеници и со разни калкулации, предизбони калкулации, дури до мерка на интервенирање на Уставниот суд за елиминирање на некои места се постигна тоа што се постигна. Значи со дејствувањето ВМРО-ДПА создаде можност албанскиот електорат, албанскиот гласач да глас за еден пратеник македонец и од комбинација да отпадне пратеник на ДУИ.

Целата грешка или целата политика или суштината на оваа манипулација, на оваа политичка калкулација е ДУИ да нема аргумент на донесување на одлука или одлучување или исполнување на основниот услов на Бадинтеровото гласање.

Доколку ДУИ имаше 18 пратеници, доколку ДУИ, доколку не се направеше оваа грешка на ДУИ тогаш задолжително Никола Груевски ќе беше принуден да коалицира во Владата со ДУИ. Мене не ме интересираат разните калкулации, меѓутоа е есенцијално и значајно Албанците во Република Македонија да ја имаат силата за донесување на одлука.

Албанските политички партии во донесувањето треба да бидат производител на стабилноста, а не на дестабилноста, меѓутоа за да бидеш производител на стабилност секако треба да се почитувам или требаше да се почитува една непишана уставна норма која што за прв пат беше прекршена на 5 јули 2006 година, затоа што од 90-те години до 2006 година секогаш победничките албански политички партии биле составен дел на Владата.

Не земањето на ДУИ во Владата на Никола Груевски го создаде првиот бојкот на ДУИ во која прилика треба да се има предвид дека после неколку месечниот бојкот се постигна еден договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ кој што договор се нарече Мајски договор.

Овој договор во суштина ја содржи токму проблематиката од 5 јули и после 5 јули, а тоа е точката 5 од Мајскиот договор, кој договор е обврзувачки, која точка е обврзувачка за Собранието на Република Македонија, меѓутоа и од страна на меѓународната заедница со усвоената резолуција пред некое време.

Овој договор покрај другото содржи и рекомпонирање на Комитетот за односи меѓу заедниците и сите сме свесни дека рекомпонирањето на Комитетот за меѓуетнички односи има своја форма, со какви калкулации се створи можноста за да се добие претседателот на Комитетот за меѓуетнички односи, со тоа што се компезира една пратеничка од македонска етничка припадност во Влашка етничка припадност за да се има доминирачки број гласови во Комитетот за меѓуетнички односи.

Комитетот за меѓуетнички односи е заштитен механизам на вториот посилен, најсилен ентитет во Македонија, а тоа е албанскиот ентитет. Овој Комитет во себе ги опфаќа и другите рамоправни

заедници кои што се рамоправни и со македонската и со албанската заедница.

Значи, сите овие три компоненти треба да направат балансирање на политичките интереси на сите релевантни фактори во Македонија.

Во овој Комитет етничките малцинства имаат големо значење и голема тежина затоа што и тие се составен дел на гласањето на овој Комитет. Затоа со Мајскиот договор во прв ред имаме рекомпонирање на Комитетот, а после ова доаѓа Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, кој што Деловник опфаќа и листа на закони кои што треба да се гласаат со Бадинтеров принцип. Република Македонија секогаш ќе се соочува или ќе се судира со проблематиката на гласање на закони од листата на закони кои што ќе се гласаат со Бадинтеров принцип од причина што доколку позицијата не го исполни вториот услов на пратениците да ги гласаат законите во однос на јазикот, културата, историјата и личните документи на заедниците кои што се над 20% тие закони не можат да поминат.

Доколку тие закони не можат да поминат тогаш Парламентот е нефункционален и неефикасен.

Друг закон во Охридскиот рамковен договор е и законот за службена употреба на албанскиот јазик. Ќе застанам малку на законот за службена употреба на албанскиот јазик како обврска од Мајскиот договор, како обврска од Охридскиот рамковен договор и како обврска на политичкит партии во предизборната кампања од 5 јули.

Ќе направам една компарација зошто најголемата политичка партија во Македонија, ВМРО-ДПМНЕ во овие моменти го поднесо во Парламентот предлог на законот на Изборниот законик.

Основното образложение и главното образложение на ВМРО-ДПМНЕ е за тоа што ВМРО-ДПМНЕ ветила на македонскиот електорат, во дијаспората дека ќе донесе закон со кој ќе им гарантира да гласаат за парламентарните и претседателски избори во земјата.

ВМРО-ДПМНЕ гарантирала на своите сонародници, меѓутоа и на Албанците, Турците, Ромите и другите дека ќе бидат составен дел на изборниот систем, составен дел на одлучувањето, политичкото одлучување и на економскиот развој на земјата. Меѓутоа, зарем не беше ветување на политичките партии, исто така и донесувањето на законот за службена употреба на албанскиот јазик. Доколку ВМРО-ДПМНЕ има обврска да исполни едно предизборно ветување за гарантирање на уставното право врз основа на членот 22, за граѓаните во дијаспората тогаш сигурно дека овој Парламент и албанските политички партии имаат обврска да донесат закон за службена употреба на албанскиот јазик во согласност со нивните интереси. Во согласност со нивните потреби и во согласност со духот на Охридскиот рамковен договор. Сакам да нагласам, зошто во духот на Охридскиот рамковен договор, Охридскиот рамковен договор е мировен договор кој што создава оптимални услови да двете заеници содејствуваат, да ја изградат држават, да ја развијат државата и да иградат стабилност на оваа држава во насока на интеграција, како на НАТО така и во Европската унија.

Значи, сакам да потенцирам дека доколку ВМРО-ДПМНЕ има обврска за реализација на своето ветување во предизборната кампања 2006 година, исто така и албанските политички партии имаат обврска да донесат закон за службена употреба на албанскиот јазик.

Ќе насотојувам да дадам неколку забелешки околу понудениот предлог за Изборниот законик од страна на Владата. Предлогот за Изборниот законик мислам дека требаше да се поднесе, всушност да се донесе во консензус на сите политички партии, затоа што интерес на сите политички партии е да се создадат рамноправни, еднакви услови, околности и амбиент за еден фер и демократска конкуренција за слободни и фер и демократски избори. На тој начин сите политички партии, сите елементи, сите оние фактори кои што имаат конкурирачки интереси во земјата, да бидат рамноправни, еднакви и да им се гарантира на сите преку овој Изборен законик кој што во овие моменти е и втората точка која што ВМРО-ДПМНЕ образложува зошто е за овој Изборен законик. Значи, е за изборен законик затоа што сака да ги штити интересите на етничките малцинства на Влашката, Српската, Ромската, Бошњачката и Турската заедница во смисла на тоа на крај и овие етнички заедници имаат гарантирани места, да на тој начин со нивните директни избирачи, од нивниот електрорат, од изборот од тоа што пратениците ќе избираат токму од нивната заедница, а не преку некоја друга коалиција, тоа е најдобрата форма на правилна и директно претставување на граѓаните од кој што тие доаѓаат, или пак избираат и се поставува дилемата дали ДУИ е против овој витален интерес, легален интерес и образувачки интерес на овие пратеници. Не, ние не сме против интересот на овие малцинства на начин тие да се опфатат во Изборниот законик, во позицијата на гарантирани места и да имаат десет гарантирани места. Кога се изготвил овој Изборен законик авторот, предлагачот образложува дека како модел е земена Хрватска, Бугарија, Романија, Италија и многу други држави. Претходно треба да бидеме свесни дека Македонија има посебна специфика. Македонија не е ниту Бугарија, ниту Хрватска, ниту Босна, ниту Косово, да Косово до некоја мерка може да биде, така што има посебна специфика која што се нарекува Охридски рамковен договор.

Во сите овие држави гарантираното претставување на заедниците не влијае и не оштетува некоја друга заедница. Гарантирањето на овие места не создава можност за злоупотреба на контигент на овој резерват од 10 гарантирани пратеници кои што ќе можат да се употребат на штета на некоја друга заедница.

Во оваа прилика, во неформални разговори речиси со сите пратеници со сите политички партии посебно сум дал образложение и мое мислење, лично мислење, партиско мислење за тоа зошто сме ние против овој Изборен законик. Не против опфаќањето на 10-те пратеници од рамките на малцинствата, не за нивното легитимно право да имаат изворен мандат од населенето од каде што доаѓаат, туку ние сме само за една есенцијална цел и многу значајна цел за албанското население.

Компарирајќи и имајќи го предвид 5 јули и после 5 јули периодот, согласувајќи се со мојот колега, господин Илија Димовски дека овој контигент од 10 пратеници можат да се злоупотреби во секој момент за да се надгласаат интересите на албанската политика, интересите на албанската политичка заедница која што излегува како победничка партија на парламентарните избори.

Овој контигент од 10 пратеници, како што рече претходно и еден друг пратеник нема никаков интерес кога ќе излезат независни, автономни и кога ќе имаат гарантирано 10 пратеници да бидат во опозиција. Значи овие 10 пратеници од малцинствата, нивниот интерес, инвидуален интерес, национален интерес и општествен интрс ќе го изнајдат со тоа што ќе бидат составен дел од позицијата.

Од друга страна математиките покажуваат дека Република Македонија е составена од 65% Македонци, 25% Албанци и 10% други заедници. Овие 10% во другите заедници во секој момент ќе се стават во служба на позицијата на начин за да биде доминантна позиција во исполнување на втората обврска за функционалноста на Република Македонија во обврската за двотретинско гласање, значи Бадентеровиот принцип. И сите сме смесни дека оваа Влада на Никола Груевски уште на почетокот ќе се соочи со проблемот на Бадинтеровиот принцип.

Најпоставуваното прашање било од новинарите или од пошироката јавност беше како мандатарот Никола Груевски ќе се соочи со исполнувањето на второто начело,начелото на Бадентер за гласање на закониот кои треба да се гласаат со Бадентеров принцип. Тој секогаш одговараше ќе биде многу интересно и ќе видиме.

Првото чудо се случи со Комитетот. Во моментот кога тој покажа на целата јавност дека може од еден момент во друг момент, тоа е уставно загарантирано право секој граѓанин да го претстави своето убедување на кој ентитет припаѓа и ова гарантирано уставно право го искористи и пратеничката Анита Кипаризова Крстевска која се повика на нејзиното легитимно потекло така како што таа мисли, меѓутоа, во овој Парламент создаде политички компликации со тоа што направи една таква преобразба или трансфорамција на нејзиниот ентитет, таа создаде нови односи во Комитетот за меѓуетнички односи.

Истото нешто се случи и со гласањето на Законот за празниците. Владата не можеше да го исполни двојното начело за гласање на Законот за празници во кој случај сите други малцинства, сите други ентитети имаат свој интерес и тие го гласаа Законот за празниците. ДУИ како легитимна сила, излезена на изборите на 5 јули немаше ниту можност ниту сила да го наметне својот национален интерес така како што го претставија и го штитеа својот национален интерес помалите заедници. Како Србите, Турците, Бошњаците, Ромите и Власите, сите на штета на ДУИ добија, на штета на албанската политика, добија по еден празник плус, а албанскиот политички интерес за да бидат опфатени во Законот за празници и тоа во членот 1 каде се говори за државните празници затоа што како што вие се гордеете почитуван претседателе за Крушевската Република, за Крушевскиот манифест, за вистинската, праведната политика, за политиката на таа Крушевска Република во која Албанците беа опфатени со 20%, Власите со 20%, Македонците со 20%. Во име на оваа Крушевска Република вие често пати ни држите предавање за добар модел за натамошен развој на земјата. Меѓутоа, што се случи? До колку во Крушевска Република сме имале поконструктивен пристап, подостоинствен пристап, ние во Законот за празниците немаме достоинствено претставување во членот 1, член кој реално е интерес на Албанците и ние треба да се чувствуваме рамноправни и реално да се чувствуваме како државотворен народ со државотворен идентитет. Само до колку Албанците ја чувствуваат државата и се чувствуваат себе си како државотворен народ, тогаш ние ќе градиме заедничка држава. Македонија е држава со над 25% население Албанци и овој процент треба д абиде почитуван, овој процент треба да го почитува и македонското мнозинство исто како што и македонското мнозинство треба да ја почитува втората по значење заедница во земјата - Албанците.

Гласањето на дијаспората. Во многу калкулации, во многу разговори излегуваат на видело разните интереси околу гласањето на дијаспората затоа што ВМРО-ДПМНЕ има интерес за гласање на дијаспората и тој интерес е традиционалната врска со дејците на ВМРО, на Револуционерната организација, на наследниците кои претендираат дека е наследник на истата и со ова исполнувајќи уште едно ветување изборно, предизборно и програмско ветување со кое пред македонскиот електорат ВМРО има ветено и претендира дека на идните избори ќе создаде доволна, значајна бенефиција за да биде повторно првата партија на изборите.

Да се навратам уште еднаш на квотата од 10 гарантирани пратенички места за малцинствата. Партнерот во коалицијата ВМРО-ДПМНР-ДПА на крајот излезе во заштита на идеата за овој Предлог закон. Тие ја бранат идеата дека со овој Предлог закон со кој ќе се создаде поделба на гласачкиот контингент на националните

малцинства, ќе се создаде оптимална можност Албанците да имаат повеќе пратеници. Јас го изразувам моето убедување дека констелацијата на политичките сили, Охридскиот рамковен договор, интересот на сите народи во Република Македонија не може да се потресе со еден, двајца или тројца пратеници. Стабилноста на земјата не се нарушува со 2, 3, 5% повеќе или помалку пратеници во парламентарните избори. Стабилноста на земјата зависи од тоа дали ние ќе го поткопуваме Охридскиот рамковен договор, дали имаме политички цели албанските политички партии на истите им инсталираме продукт или производ на сервилност, производ на зависност,производ да ги поврземе нашите знамиња со македонската левица или десница. Затоа нема смисла албанските политички партии да излезат со нивните програми, да ветуваат и да претендираат дека со гласот на албанскиот народ ќе можат да бидат одлучувачка политичка партија, а не само претставувачка политичка партија. За да биде одлучувачка политичка партија треба да имаш благослов од македонската политичка партија што ќе победи на изборите.

Нам ни се отвора патот или силно да се спротивставиме на овој Изборен законик и да побараме модалитет со кој нема да се оштети албанското население, нема да се оштети интересот на албанските политички партии на изборите, нема да се оштети силата и одлучувачката моќ на албанците и силата и моќта на албанскиот гласач за да одлучи која политичка партија да биде во извршната власт.

До колку ние ја немаме оваа сила или моќ, моќ албанците да одлучуваат со својот глас за нивниот претставувач како во извршната власт така и во легислативната власт, тогаш доаѓаме во позиција на тоа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го имаат како оправдување за националните малцинства. Или ќе излезат во коалиција со СДСМ или во коалиција со ВМРО.

Така што од една позиција од која сакаат да ги извадат националните малцинства, ВМРО-ДПМНЕ сака да ги постави во таа позиција на рокада албанските политички партии затоа што господине претседател, вие сте избран дирекно од овој парламентарен состав. Парламентарното мнозинство од вашата десна страна ниту една мала политичка партија што излезе на изборите не е во опозиција, туку сите помали политички партии се позициони или во позиција и овој контигент од 10 пратеници од малцинствата нема да биде во позиција на опозиција, туку сигурно нивниот интерес ќе биде да бидат во позиција.Така како што рече колегата Дамески дека интерес на помалите политички партии е секогаш да бидат во позиција така што кога ќе дојде под прашање формирањето на владата секој мандатар заедно со контингентот од 10 пратеници од малцинствата ќе може да избере меѓу албанските политички партии. Доволно е една албанска политичка партија да има 10 до 12 пратеници и со ова ќе може да се реализира потребната цел или намера и со ова ќе може да се седне да се пазари и да ги намали интересите на Албанците.

Ова на најдециден начин го истакна господинот Антонио Милошоски во една телевизиска дебата, во Чуму во која прилика тој изјави. Ние не направивме владина коалиција со ДУИ од причина што политичката цена на оваа политичка партија на разговорите беше многу висока. Ова е изјава од еден висок службеник, од еден министер за надворешни работи на Република Македонија, тој е креатор на оваа политичка идеа.

Значи, до колку политичката цена на албанските политички партии се намали со овие 10 гарантирани места, тогаш ние не со 4 илјади и 100 амандмани, туку и со 10 илјади и 100 амандмани ќе го бојкотираме донесувањето на овој изборен законик.

Ние бараме позицијата да се освести и ова е главниот аргумент затоа што овој Предлог закон оди во две фази, тогаш да одиме на варијанта да постигнеме консензус меѓу сите политички партии,меѓу сите оние фактори кои имаат непосредно интерес на усвојување на овој изборен законик.

Сакам да ги убедам колегите пратеници од малцинствата дека на ДУИ на ниту еден начин,ДУИ не е против нивниот легитимен интерес, на ниту еден начин не е против легитимното бранење на нивните интереси било да е на штета на албанската политика затоа што ние сме тие што треба да излеземе господари на нашиот интерес и ние во еден потребен компромис, во едно градење на еден потребен механизам за да не бидеме оштетени од овие гарантирани места, сигурно дека ќе прифатиме овие малцинства да имаат резервирани места и овие малцинства да избираат непосредно од гласот на нивниот електорат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики? (Нема)

На ред за збор е господинот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Знаете, обично се случуваат многу работи во животот и секогаш кога мислите дека имате најповеќе аргументи и сте најсигурен во животот во тоа што го работите, обично работите стојат поинаку во реалноста.

Меѓутоа, останува впечатокот општ, а и мој личен дека занимавањето со проблематиката на малцинските права е всушност една од најхуманите работи или најплеменитите работи што сум ги работел до сега во животот. Иако станува збор за исклучително тешка работа. Оваа работа, ви гарантирам, не може да ја работи секој. Очигледно дека оваа работа е само за луѓе со добра духовна вертикала, морален интегритет и пред се луѓе кои имаат исклучително добро чувство за мерка.

Кога го спомнав чувството за мерка се сетив на една книга од основно училиште “Како се калеше челикот” , тука не сакам насловот на книгата да го врзувам за она за што станува збор, меѓутоа ќе го врзам со авторот на книгата Николај Островски, руски писател од раната советска генерација кој, пишувајќи меѓу останатото и за луѓето, напишал дека во духовната архитектура на секој човек,најбитно е чувството за мерка. Чувството за мерка е битно човекот да може сам себе да се почитува, да ги почитува другите и во исто време да го почитува општеството односно државата во која живее.

Тоа чувство за мерка во политиката треба да биде уште поистенчено, да има попрецизни критериуми. Во политиката работите се случуваат на друг начин. Ако во природата работите функционираат по системот или се движат по системот на трошење на енергија, во политиката главната енергија која ги придвижува работите се луѓето. Ако неправилно ја употребите таа енергија,предизвикувате проблем односно ги горите луѓето. Значи, ги горите луѓето од аспект дека создавате преголеми очекувања, дека им нудите лажни идеи и дека се обидувате да манипулирате со нив.

Затоа чувството за мерка е многу битно, поготово чувството за мерка е многу битно кај големите политички партии. Ако го изгубат чувството за мерка, тогаш се губи компасот, а ако се изгуби компасот, тогаш работите стојат многу поинаку отколку претходно.

Од тојаспект, кога станува збор за чувство за мерка и овие наши барања,ова што ние го работиме заедно со претставниците на другите етнички заедници во Република Македонија, мошне прецизно може да се детерминира на многу лесен начин.

Прво, да имаме чувство за мерка, дека нашите барања не се надвор од уставната рамка во која се наоѓа Република Македонија.

Втората работа да постои широка политичка основа на основа на која ќе може да ги објасниме нашите барања.

Трета работа, дали сето ова може што го бараме искуствено некаде да е верифицирано или потврдено и на крајот на краиштата не сакам да зборувам за меѓународните документи затоа што тие во оваа ситуација се многу прецизни и скоро сите до еден се на наша страна.

Од тој аспек, кога станува збор за уставната рамка, сакам да ве потсетам дека многу луѓе на почетокот и многу пратеници се обидоа да манипулираат со уставната основа за носење на овој закон. Ќе ве вратаммалку station наназад и ќе ви спомнам дека со промените на Уставот после Рамковниот договор припадниците на малцинските етнички заедници станаа конститутивни елементи на македонската држава, ако сте заборавиле. Охридскиот договор манипулира со терминот немнозински заедници, меѓутоа , Уставот има контра одговор во член 7 став 2 оперира со терминот значителен број. Уставниот суд го толкува значителен број претставници на немнозински заедници над 20%.

На крајот на краиштата уште една забелешка постои амандман 6 од Охридскиот договор кој е составен дел на Република Македонија кој зборува за соодветна и правична застапеност на припадниците на помалите етнички заедници на сите нивоа и на сите органи на државната власт и тука толкувањето е сосема едноставно, Собранието е највисок орган на државната власт значи таа со десна и правична застапеност треба да биде соодветно пресликана во Собранието на Република Македонија.

Кога санува збор за широката политичка основа или за објаснувањата кои се користат да ги оправдаме нашите барања, постојат многу објаснувања, јас ќе се задржам само на едно кое мислам дека пресудно ги објаснува работите во оваа проблематика и овој настан кој сега сакам да ви го доближам, се случи неодамна на една лидерска средба кога после многубројни комуникации со луѓе кои широко ја познаваат оваа област ми беше кажано дека вистинската адреса на која треба да се обратам во Република Македонија кога станува збор за овие прашања е господинот Арбен Џафери како најдобар познавач на проблематиката на човечки и малцински права во Република Македонија. На таа лидерска средба во присуство на десетина претседатели на сите политички партии поважни во Република Македонија јас го прашав господинот Арбен Џафери да одговори на прашањето во врска колку нашите барања влијаат на Рамковниот договор ви за ви правата на албанската заедница во Република Македонија ви за ви Бадентеровото правило. Присутни се сите колеги и многу добро го знаат одговорот на господинот Џафери, ќе го цитирам.

Тој одговори дека во Република Македонија проблемите кои постоеле во 2001 година можеле да се решаваат на повеќе начини.

Првиот начин бил консенсуална демократија.

Вториот начин бил политичко територијална автономија.

Третиот начин бил федерализација.

Четвртиот начин бил конфедерализација.

Во Република Македонија вели ние преговарачите го избравме не само терминот, туку во суштина избравме да работиме на првиот начин на решавање напробелмот, а тоа е консенсуална демократија. Меѓутоа, заради големото влијание, авторитет и интегритет на професорот Робер Бадентер, за да се сочува унитарниот карактер на Република Македонија, им дадовме позначајно место на припадниците на помалите етнички заедници за да може по реално да се отслика мултиетничкиот карактер на Република Македонија и за да може Република Македонија навистина да биде уникатна држава.

Јас мислам дека претседателите на политичките партии многу добро се сеќаваат на сето ова,

затоа што сето ова се случуваше многу скоро. Мислам дека после ваквата експликација, значи на гуруто на албанската политичка кауза во Република Македонија, значи не станува збор за политичар кој не е широко познат на македонската јавност кога станува збор за борбата за правата на Албанците во Република Македонија. Не знам од каде понатаму доаѓаат обвинувањата дека предлозите на помалите етнички заедници ги дестабилизираат односите меѓу Македонците и Албанците, ги дестабилизираат односите на Албанците со помалите етнички заедници кога воопшто не станува збор за такво нешто. Ќе ве потсетам и мислам дека ова потсетување ќе биде многу вредно, дали ние како пратеници во поранешниот состав на Собранието на Република Македонија ги поддржвме сите законски предлози кои доаѓаа од Владата врзани за Рамковниот договор кои ја подобруваа положбата на припадниците на албанската етничка заедница во Република Македонија. Одговорот е јасен и недвосмислен - да. Дали можете да најдете некоја забелешка на нашето однесување во тој период? Јас ви гарантирам дека не можете, затоа што такво нешто не постоеше во изминатиот период. Меѓутоа, третото прашање мошне суштинско, всушност тоа ги открива или дава основа за нашето барање: дали во изминатите четири години додека бевме заедно на власт усвоивме еден закон кој ги унапредува правата на припадниците на помалите етнички заедници. Јас ви тврдам, јавноста знае, сигурно и вие знаете дека тоа не се случи. Ако тоа не се случило, значи дошло време таквото нешто да се случи. Тврдам одговорно дека со ниту едно наше барање не повредуваме ниту едно право на било кој припадник на друга етничка заедница во Република Македонија, особено на албанската заедница која сама е доволно силна за да може да се справи со предизвиците кои и се поставуваат пред неа.

Кога станува збор за третиот елемент на ова чувство за мерка во барањата, тоа е дали овие наши барања се искуствено потврдени некаде и тогаш одговорот на прашањето е недвосмилен - да, овие наши барања недвосмислено се потврдени и тие се дел од решенијата на повеќето земји од нашиот регион. Дали другите земји од нашиот регион го имаат решено ова прашање? Дали другите земји имаат закон за припадниците на етничките заедници? Да. Ние немаме, но другите земји во опкружувањето имаат агенции кои се грижат за остварувањето на човечките и малцинските права - да, ние немаме. Сега ваквите наши легитимни барања да се подведат под евентуално пазарење или сме се продале некому, нашите колеги од СДСМ добро знаат дека ако не купиле тие ние ќе седевме овде како кукли и нема да смеевме да кажеме ниту збор. Меѓутоа, бидејќи знаат дека не е така, сега манипулираат дека сме се продале за нешто или дека сме се пазареле за нешто. Дефинитивно не сме се пазареле за ништо, затоа што се пазарите само кога влегувате во Влада. А кога остварувате човечки и национални права, не се пазарите, туку разговарате и воспоставувате политички барања и барате начин да ги разрешите. Тоа е суштинската разлика кога станува збор за нашиот пристап и за обвинувањата на кои сме изложени овие денови.

И на крајот, полека да привршувам конструктивно, за да не се одоговлекува расправата. Ние сме свесни кога тргнавме во оваа работа дека нашиот предлог не е идеален, дека од оваа проблематика постојат многу други елементи кои можат да се внесат во ваквите решенија. Меѓутоа, ние моравме да тргнеме од нешто и нашиот став беше да тргнеме, ако ништо друго, барем од бројката на припадниците на помалите етнички заедници според последните пописни резултати и тоа најблиску, тука некаде, го отсликува бројот на предложените решенија во Предлогот за изменување на Изборниот законик кој доаѓа од Владата.

Она што посебно загрижува во расправата, значи дека никој не излезе од оние што оспоруваа овие решенија со конкретен предлог, особено нашите поранешни сојузници, така што ДУИ излезе со предлог односно контра предлог, односно политика и на ова решени понуди друго решение. Новата социјал демократска партија понуди решение нешто слично на решението кое го понуди ДУИ. Либерално демократската партија излезе со нешто слично. Само нашите колеги, оспорувајќи го предлогот на овие решенија не излегоа со контра предлог.

Затоа, се прашувам и уште еднаш ве повикувам, морате да се изјасните кој предлог го поддржувате, затоа што на оваа политичка филозофија и на ова практично политичко однесување мора да парирате со практично политичко однесување и со нова политичка филозофија, ако сакате да дојдеме до решение. Меѓутоа, по се изгледа дека до решение веројатно многу тешко ќе се дојде, така што еден пратеник веројатно во занес на експликацијата ги кажа и вистинските намери, зборувајќи овде вие немате право да размислувате да донесете ваков Изборен законик, вие немате право да размислувате да покренувате вакви прашања, што укажа на намера дека најверојатно сака да се опструира ваквиот процес и ова прашање да не се заврши ни во оваа фаза и да не може да биде отворена јавна расправа. Зошто да не може да биде отворена јавна расправа? Затоа што ние оваа работа не ја работиме сами, значи имаме сериозна логистичка поддршка од две сериозни невладини организации, значи станува збор за Националниот демократски институт и за Фондацијата Кора д денаур, кои во втората фаза се спремаат заедно со нас да работат трибини ширум Македонија, со кои ќе ја запознаеме македонската јавност со предлогот на решенијата кои се понудени. Ако тоа е проблем, тоа е веќе сериозен проблем за кој треба да се разговара.

Она што мислам дека треба на сите да им биде јасно е дека ниту еден од политичките субјекти во

Македонија и ниту еден од политичките субјекти било каде во светот кој подигнал рака или кој се обидел да ги лиши помалите етнички заедници од решенија кои ја унапредуваат нивната политичка позиција немало блескава политичка иднина. Затоа ве молам во чувството за мерка прагот на толеранција или прагот на чувството за мерка кое сте го спуштиле многу ниско, да го подигнете чувството за мерка затоа што ве убедувам дека доколку прагот на чувството за мерка го држите толку ниско, во наредниот период, и ние ќе го спуштиме прагот на чувството за мерка многу пониско, па ќе видите како политичка борба и се што ќе се развие во политичкиот живот во Република Македонија кога станува збор за припадниците на помалите етнички заедници. Ве молам, уште еднаш ќе ве замолам, внимавајте како се изразувате, внимавајте кои зборови ги употребувате. Немојте да навредувате, немој случајно да ви паднало на памет да навредувате, затоа што ќе добиете сериозен одговор за такво нешто. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се јави господинот Рафис Алити, Влатко Серафимов, Марјанчо Николов и на крајот, барем така јас здогледав, господинот Тахир Хани. Одиме по ред.

Повелете вашите три минути господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина внимателно го сослушав претходниот говорник или колегата Иван Стоиљковиќ. И ние од ДУИ никогаш не сме рекле дека нема потреба да се измени Изборниот законик, да се бараат модели, кои модели или модалитети би биле и би имале поддршка од сите групи или порелевантни партии во Република Македонија. На овој начин и понатаму остануваме на тој став дека треба да се бараат модели и таа формула која реално ќе им овозможи и на помалите етнички заедници да бидат застапени во Собраниево. Но тезата која ја кажа господинот Иван Стоиљковиќ дека никогаш помалите етнички заедници не биле против тоа што е интерес и на Албанците во Република Македонија не држи. Ова го велам бидејќи господинот Иван Стоиљковиќ или Кенан Хасипи, Неждет Мустафа биле во минатиот состав и вистина е дека секогаш ги гласале сите закони кои ги засегаат меѓуетничките односи, но сигурно на ова се сеќава и господинот Стоиљковиќ на кој начин се злоупотреби поранешниот пратеник Аднан Ќахил. Најмалку 10 пати, бидејќи повеќе зеде збор при донесувањето на Законот за официјализација на Тетовскиот универзитет, велам најмалку 10 пати раcправаше против донесувањето на тој закон и таа злоупотреба ја направи токму ова мнозинство кое е актуелно, значи ВМРО-ДПМНЕ, Албанците да немаат право да се образуваат на високо образование.

Ние немаме гаранции дека доживотни ќе бидат пратениците кои ги спомнав, било Иван, Кенан или Неждет и секогаш ќе знаат да носат правилни одлуки кога се говори за законите кои ги засегаат меѓуетничките односи. Зошто ние одговоривме со 4.200 амандмани? Господинот Ќахил и Груевски ја имаа погрешната адреса пред да се донесе законот во Собранието, своите претставници ги однесоа да демонстрираат пред канцелариите на СДСМ и на овој начин пристапот беше погрешен, а на погрешниот пристап му одговоривме на овој начин како што му одговоривме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Стоиљковиќ, 60 секунди контра реплика.

**Иван Стоиљковиќ:** Нема посебно да реплицирам на господинот Рафис Алити од проста причина што ги потврди сите мои искажувања. Навистина ние гласавме за сите закони, јас гласав за сите закони од агендата за спроведување, освен за еден, а за законот кој го спомна, на општо изненадување на македонската јавност, јас бев присутен на седницата на Собранието и гласав за. Благодарам

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Серафимов, вашите три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Стоиљковиќ,

Го слушавме вашето излагање и се согласувам со поголемиот дел од вашата дискусија. Меѓутоа, во еден дел од вашата дискусија од каде произлегува фактот дека СДСМ ве обвинил за продавање, купување или трансфери не се согласувам, бидејќи никогаш како СДСМ не сме етикетирале луѓе дека се продаваат или купуваат за пари или за задоволство на нивните етнички заедници. Затоа, сватете го ова добронамерно. Јас и во мојата дискусија кажав дека СДСМ никогаш не бил против помалите етнички заедници, секогаш имало место и за разговор и за разбирање со помалите етнички заедници. Затоа, сметам дека треба да се оградите од фактот дека СДСМ ве обвинува за продавање и ве молам во наредните дискусии немојте да го етикетирате СДСМ дека донел таква теза или дека има такви ставови. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика на господинот Стоижковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Добро, јас го разбирам господинот Серафимов, меѓутоа, господинот Серафимов треба да ги земе стенографските белешки од дискусиите на неговите колеги, да не ги посочувам по име и презиме, тој знае кои, нека ги прочита многу добро, прецизно нека ги прочита и нека види дали стојат овие работи што ги реков или не. Излагањата, деловите од моите излагања ги црпев од стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, така што немам што да додадам посебно.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Господине Николов, вашите три минути, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал на колегата Стоиљковиќ да му реплицирам за две работи. Првата работа веќе ја спомна мојот колега претходно околу обвинувањата за продавање или пазарење. Мислам дека можеби терминот не е соодветен, но факт е дека ваков предлог доаѓа на дневен ред на Собранието затоа што владеачкото мнозинство има потреба да обезбеди Бадинтерово мнозинство околу гласањето за Судскиот совет и мудро е што помалите етнички заедници овој момент го користат да истапат со свои барања кои ги имале веќе претходно и тука нема ништо спорно. Можеби не е соодветен терминот кој е употребен и нема потреба господинот Стоиљковиќ да се лути околу таа работа, тоа е нивно легитимно право, тие се исто така пратениците со сите права и го искористиле моменталниот однос на силите во Парламентот и сметаат дека ова е нивниот услов за да го поддржат изборот на Судскиот совет.

Втората работа околу која сакам да реплицирам е една работа која ја кажа на крајот, а тоа е, претходно не обвинуваше нас како СДСМ да имаме чувство на мерка или толеранција и да имаме разбирања за нивните барања. Мислам дека сеуште и во своите дискусии и во нашите дискусии може да види дека имаме чувство, но тој потоа се закани дека ако не се направи тоа ќе видите вие, па нема да добиете никаква поддршка од страна на етничките заедници кои ние ги застапуваме. Мислам дека не е добра таа теза во интерес на одбрана на вашите барања, ниту вие имате ексклузивно право дека сте единствен претставник на српската заедница во Република Македонија, ниту било кој од вашите колеги кои припаѓаат на етничките заедници не може овде да излезе и да каже наше е ексклузивното право и само ние сме тие што ги застапуваме интересите на етничките заедници. И ние имаме многу пријатели меѓу сите етнички заедници, дури и политички соработуваме со нив. Јас навистина чекам на тие трибини и се надевам дека ќе ме поканите и со конкретни податоци, со конкретни примери да покажеме еве конкретно во градот Велес како ние сме работеле со тие помали етнички заедници и што сме направиле за нив, па ќе видите дека не е баш таква ситуација и не можете СДСМ да го обвинувате дека е против ваквиот концепт, бидејќи досега во многу наврати и практично докажал дека има чувство за етничките заедници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господиние Стоиљковиќ, имате збор, контра реплика.

**Иван Стоиљковиќ:** Јас реков и ќе повторам две работи, првата работа, секој оној што подигнал рака во реализацијата на човечките и малцинските права, неговата политичка кариера не завршила сјајно. Тоа е првата работа.

И втората работа, навистина реков и ќе повторам, доколку прагот на чувството за мерка кое сте го спуштиле многу ниско не го подигнете, прагот на чувството за мерка кој е доста висок кај нас во досегашното политичко дејствување ќе го спуштиме и ние и дури тогаш ќе видите како и на кој начин се застапуваат правата на припадниците на помалите етнички заедници. Не ви го реков ова да се заканувам, само ве информирав да сфатите дека постои конструктивно политичко однесување и дека постои деструктивно политичко однесување. Јас го избрав како метод за делување конструктивниот пристап, а вие провоцирате спротивен начин на однесување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Тахир Хани, повелете со вашата реплика од три минути.

**Тахир Хани:** Сакам да му реплицирам на господинот Иван Стоиљковиќ, посебно во неговата констатација дека во ниту еден момент малцинствата немале улога на оштетувањето на интересот на албанската политика или на некоја албанска политичка партија. Јас мислам дека во ова треба да го разликуваме тоа што господинот Иван Стоиљковиќ не гласал, или група пратеници која доаѓа од малцинствата од Коалицијата "За Македонија заедно" или некој друг пратеник денес или утре кој може да гласа и може да биде барометар, или може да биде механизам за надгласување на штета на албанското население, од причина што сите сме свесни дека малцинствата на директен начин се составен дел на гласањето на законите кои ги засега политичката албанска област.

Така беше и со Законот за полиција, при што кога се јави спорот на Законот за полиција во тие моменти, за да надвладее, господине Иван Стоиљковиќ не говорам дека вие некогаш сте гласале против тоа, но како може да се злоупотреби некој пратенк од некое малцинство, на штета на албанската политичка партија. Госпоѓа Анета Кипаризова Крстевска преоѓајки од македонската заедница во влашка заедница, се создаде мнозинството во Комитетот, при што раководството на Комитетот помина во раководењето на ДПА и спорот за Законот за полиција се надгласа со тоа.

Значи во име на еден пратеник на влашката заедница се создаде надгласување во Комитетот за односи меѓу заедниците и ова следеше и влијаеше во надгласувањето во таа политика. Ние како ДУИ мислевме дека имаме право и го оштетува политичкиот албански интерес. Ова беше првиот случај.

Вториот случај, е со Законот со празници. Бидејќи во Законот за празници ДУИ имаше интерес да се стави за државотворен празник на Албанците, додека малцинствата надгласаа, и го изгласаа тој закон. Ако не не поддржаа нас со овој наш интерес, сигурно овој закон немаше да помине.

Третиот аспект кој е фундаментален, формирањето на Владата, до колку еден пратеник Албанец не изгубеше во Тетово, ДУИ ќе надвладееше со апсолутно мнозинство од 18 пратеници, а тоа е доволен број за гласање со Бадентер и условување за формирање на

Владата. Што значи дека до колку имаме еден пратеник повеќе од малцинствата се создава можноста победничката партија кај Албанците, да биде во Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Стоиљковиќ вашата контра реплика повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Господинот Тахир, немам впечаток дека ми реплицирање по однос на моето излагање. Мислам дека реплициравте воопшто на политичката ситуација и правеше селекција на ожните сценарија или солуции кои би се појавиле во натамошното работење во Собранието.

Постојат и обратн солуции господине Тахир Хани. Јас вчера ја кажав таа солуција во една реплика. Во случај, бројот на гласовите во албанскиот политички блок треба да биде еднаков 15:15 да претпоставиме и еден глас да одлучува од припадниците на помалите заедници и еден пратеник кој би можел на регуларни избори да биде член на Собранието. Што тогаш господине Тахир Хани? Општеството и политиката се менлива категорија. Тие секогаш се движат напред. Ако се враќаме назад нема работите многу да добијат во значење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Завршувајќи ја оваа рунда на реплики и контра реплики, сметам за моја должност да нагласам уште еднаш, да ве потсетам сите дека според Уставот секој пратеник гласа по совеста и дека тоа е неспорно право и дека не може со тоа право да се манипулира.

Благодарам, 15 минути ќе имаме координација во класичниот денешен состав. Повелете во Охридската сала.

(Пауза од 16,49 часот).

(По паузата седницата продолжи во 17,14 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Продолжуваме со седницата.

Повелете господине Беџети имате збор.

**Блерим Беџети:** Почитувани присутни, ние денес на дневен ред имаме закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, кој законик се труди да се прикаже дека е од обично знчење. Јас ќе ги демантирам сите тие и ќе кажам од почетокот дека е пазамент на демократијата и на демократскиот политички систем. Но, и во оваа држава затоа и нашиот пристап е извонередно сериозен и се трудиме со можниот оптимум да ги аргументираме тезите дека овој законик е од големо значење. Оваа постапка на мнозинството е уште една неодговорна постапка на ова мнозинство. Екстремно е погрешно во негивиот пристап во однос на измените и дополнувањата на Изборниот законик.

Кога велам дека е екстремно погрешен овој пристап, во својата можна крајност, секогаш го имам предвид фактот дека во Република Македонија се случува уште еден преседан од ова парламентарно мнозинство, а ние го најавивме од 5 јули наваму. Преседан е во тоа дека на пристапот за измени и дополнувања на Изборниот законик, почитуван предлагач, никогаш не сме имале пристап без консултации, без јавна претходна расправа, туку преку средствата за јавно информирање, Груевски рече дека ќе го обезбеди двојното мнозинство, односно Бадентерот што го направи еден национален медиум во Република Македонија. Ве молам, ова е под секое можно ниво, како за предлагачот, така и за парламентарното мнозинство, бидејќи е нетолерантно за еден закон кој е базамент на демократијата, да с прокламира дека е обезбедено Бадентеровото мнозинство од Груевски. Тука се раѓа недоразбирањето со пратениците кои се претставници на заедниците кои се над 20%. А и се остава простор да се каже дека ова е пазарење. Ако е пазарење, тогаш кажав и на Законодавно-правната комисија, бидејќи таму не бевте присутен господине Маневскио овој пристап ја претвара Македонија во најголем пазар на регионот. До колку во политиката пристапот би бил со филозофијата на пазарење, јас од сега ве уверувам дека грешите. Со оваа ваша ароганција несомнено дека го добивте одговорот на тој начин, како што заслужува и да се одговори на овој пристап.

Значи, не случајно ние како парламентарна група поднесовме 4100 амандмани за да го блокираме овој изборен законик. Овие измени и дополнувања на Изборниот законик и овие пставки ги презедовме од причина што ние цениме дека се од извонредно посебно значење за Албанците на Република Македонија. Но до колку вие цените дека за граѓаните на Република Македонија нема големо значење, тогаш грешите, од причина што времето ќе докаже и во натамошната расправа сигурно дека ќе се објасни зошто ја презедовте оваа постапка и зошто не оставивте простор, уште еднаш ќе повторам да се коментира како пазарење. Со самиот факт дека се најави од медиумите, не е пристапот за изменување и дополнување на Изборниот законик, туку да се обезбеди двојното мнозинство, значи Бадинтеровото мнозинство. Тука сакам да почнам, но намерно го пребродив ова. Ова ме прави да го потврдам уште еднаш нашиот правилен став од 5 јули наваму кога на вашето парламентарно мнозинство кога извонредно несериозно е што денес не се присутни политичките партии кои се учесници во оваа Влада, каде расправаме за измени и дополнување на Изборниот законик, тие не се присутни овде и утре во недела ќе се одлучи Македонија дали да биде дел на Европската унија или НАТО, ние работиме и во сабота, а двата клучни партиципиенти на Владата не се присутни на оваа пленарна седница. Говорам за пратениците од овие две партии. Ова е извонредно несериозно, но нека биде на чест на ова парламентарно мнозинство и предлагачите на овие измени и дополнувања. Кога реков предлагачите, не случајно реков дека предлагачите. Најнапред овие измени и

дополнувања ги најави портпаролот на Владата Ивица Боцевски во својот познат стил дека нашата парламентарна група со еден пристап од секое ниво, ѓе го земам правото да речам дека нашата парламентарна група била против етникумите кои се 20%. За волја на јавноста ќе ве информирам дека во текот на уставните измени во 2001 година во преамбулата на Уставот на Република Македонија, се додадени етникуми кои не биле порано. А ќе ве потсетам дека уставните измени во 2001 година дојдоа како резултат на Албанците во Република Македонија со спорот на Уставот од 1991 година каде Бошњаците станаа дел од оваа преамбула и на ниту еден начин ние не го оспоривме како етникум, како Албанци, и Бошњаците да бидат дел од преамбулата на Уставот на Република Македонија. Затоа и смешниот пристап во стилот на пазарење на Ивица Боцевски во име на предлагачите, ќе го земам и тоа право и на Силвана Бонева во емисијата "Гласот на народот". Но по се изгледа во Македонија има повеќе гласови на народи, а не само на еден народ. И вчера имаше реакции, оштри реакции дека од немнозинските етнички заедници, но и мене да ми помогне господинот Маневски и да ни каже каде е албанскиот етникум или заедница. Вие велите дека не е мнозинска заедница. Етникумите кои се под 20% со овие измени и дополнувања на Изборниот законик имаат гарантирани места. Каде се овде Албанците господине Маневски? Каква категорија се тогаш Албанците, законска, уставна категорија, или каква категорија? Замислете, во пресрет на нашето членство во евроатлантските структури да продожлите со дискриминација, но сега, покриени со други факти. Не, грешите. Затоа што не ви го дозволивме во оваа фаза, но верувам ќе го земам правото во име на парламентарната група дека нема да го донесете на овој начин овој законик, како што е предложен, бидејќи ќе ги искористиме сите демократски средства кои ни ги гарантира Уставот, законите и Деловникот на Собранието на Република Македонија и ќе ве оневозможиме. На ваквиот пристап на измени и дополнувања на Изборниот законик, уште еднаш сакам да ве потсетам дека сте раководител на Министерството за правда и да и одговорите на јавноста дека вие и го браните во име на Владата овој изборен законик и намерно или ненамерно се отворија тези за мене и привлечни. Велам за мене лично привлечни тези, зошто на етникумите под 20%, бидејќи ќе дискутирам и за тоа зошто е нашето позиционирање против овој изборен законик, но ме интересира и вашиот одговор. Како раководител на Министерството за правда, правно да ни кажете и уставно правно албанскиот етникум каква категорија е и зошто се дискриминира на овој начин од страна на предлагачот. Се врши во недостаток на знаење, или со цел тоа што го кажав дека ова прарламентарно мнозинство има проблеми самото со себе. Дека не прифаќа една реалност вградена во Република Македонија. Со измените и дополнувањата на Уставот во текот на 2001 година од причини што, почитувани колеги, посебно ви се обраќам вам од парламентарното мнозинство, дека двојното гласање е уставна категорија. Ние сите заедно и вие и ние било од оваа или од другата страна го знаеме пристапот на Никола Груевски во текот на формирањето на оваа актуелна Влада. Тој го зеде правото да каже дака гради граѓански концепт и има право да ги избере партнерите. Тука многу се мешаат работите. По една година, по острите критики кои се вршат за жал, на Република Македонија не со име и презиме и на приватна адреса на Никола Груевски, туку критиките се во однос на Република Македонија дека нема обезбедено двојно мнозинство, а тоа е уставна категорија. Остануваат многу закони без да се донесат во оваа држава. Затоа беше смешно и во недостаток на аргументи во детската игра да ти кажам, пред ти да ми кажеш дека Албанците ДУИ и парламентарната група на ДУИ се против етникумите под 20%. Но, јас сум длабоко убеден дека и претставниците на етникумите кои се под 20% не можат да бидат против да не оштетат нас. Во тоа што понатаму ќе се одрази во политичкиот пристап, за да се изгуби политичката тежина на Албанците во Република Македонија. Но ние да го сочуваме нашето ниво и достоинство. Зошто сме против овој законик, нудиме и наши алтернативи. Тие ги нудиме не за да му докажеме на Ивица Боцевски, Никола Груевски и Михајло Маневски и на другите. Овие најнапред ги направивме поради самите себе си и понатаму, се разбира и за другите, имајќи ја предвид почита на претставниците на заедниците кои се под 20%. Во овој период, кога се расправа за измените и дополнувањата на Изборниот законик, јас по професија сум правник, не знам ни сам да одговорам, но сум имал можност да дојдат и да ме прашаат граѓаните, добро господине пратениче што е работата со Албанците. Зошто Албанците, ние кога бараме, ова е дел и од Охридскиот мајски договр, албанскиот јазик да биде службен јазик. Излегува Никола Груевски и вели да не сонуваме. Прочитајте еден уставен член и ќе видите дека јазикот кој го употреуваат, кој се говори од една задница која е над 20% е службен јазик. Сакам за волја на правната информација на јавноста да ве потсетам дека овие измени и дополнувања, уште еднаш ќе повторам дека се предлагаат како резултат на политичката криза и институционална која владее во Република Македонија. Дека ниту една друга причина не сме слушнале, ниту од предлагачот во овој случај, ниту од минситерот, ниту од заменикот министер, ниту од ниту еден друг пратеник кој е од парламентарното мнозинство.Сакам да ве потсетам, бидејќи стана славен, иако е уставна категорија, стана фамозно двојното гласање. Но ќе ве потсетам уште еднаш и вас и целата јавност дека и го должиме тоа, зошто нашата парламентарна група го напушти работењето во Собранието и го бојкотираше работењето со месеци се додека дојдовме до еден политички договор. Ова го направивме за унапредување и

еве по 5 јули, по бојкотот, повторно се соочуваме со Бадинтеровото начело. Ова го направивме почитувани господа дека вие му пријдовте на Изборниот законик за радио дифузија со двојно гласање. До колку го имавте, немаше така да го направите и така имате послушен партнер кој ве слуша и мисли дека вака ќе го решите овој проблем. Јас ќе ви речам не. Имате грешка. Времето до денес го докажа и во иднина ќе го докаже времето дека Бадентер или двојното гласање беше непочитување на оваа уставна категорија, беше тоа за што ние го напуштивме Собранието. Не дека бевме уморни, а вие имате повеќе кондиција од нас. Вие ниту сакавте ние да одиме на одмор. Бидејќи мандатот го добивме од народот, како што сте го добиле и вие и ние да ги штитиме интересите на граѓаните. Ве молам, ќе ве потсетам вие не принудивте и тогаш да ги бојкотираме работите во законодавниот дом. До колку појдеме со логиката на пазарење, ако е таа логика, тогаш, оваа земја, оваа држава и оваа Влада, Македонија ја претвора во најголем пазар на регионот. Тогаш прекршете го Уставот, имате мнозинство, не го слушајте ниту гласот на албанската опозиција, ниту гласот на македонската опозиција, а имајте го предвид дека албанската опозиција, ние не велиме дека сме единствените претставници на Албанците во Република Македонија. Ние сме легитимни претставници на Албанците. Албанските граѓани, почитуван Маневски, се надевам ќе го проследите ова и до премиерот Груевски, кој се нарекува премиер. Дозволете ми да завршам со мислата.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, повелете, јас заради Ифтарот.

**Блерим Беџети:** И граѓаните Албанци на Република Македонија излегоа на избори на 5 јули и ни го дадоа правото на нас. Сега наводно ние сме виновни и за вас и за другите етникуми. Не, почитувани господа, иако ги направивте сите овие работи, овие грешки, вие повелете, кажете дека не се грешки. Но би ве замолил да го аргументирате тоа, а ние ќе расправаме.

Бидејќи работното време е до 17,30 часот, тогаш јас ќе го почитувам ова работно време господине Ѓорѓиевски и ќе продолжам во понеделник. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да го заклучам денешното заседавање, дозволете ми од мое и ваше име на припадниците на еврејската заедница во Република Македонија да им го честитам празникот Јопкипур.

Исто би сакал да ве известам и за следново: работата ја продолжуваме во понеделник. Ги молам шефовите на пратеничките групи во 10,00 часот да бидат во Охридската сала за координација. Од 10,30 часот започнуваме со 69-та седница. До колку остане некое време, ако воопшто остане, ќе продолжиме и со 45-та седница, која има само една точка. Ви благодарам на вниманието и на соработката. Јас го заклучувам денешното заседание.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот)